**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 август 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,04 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Лазар Китаноски, Љубчо Георгиевски, Абдулади Вејсели, Сафет Незири, Блерим Беџети, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Селвије Салију, Ајше Селмани, Фадил Сулејмани и Тахир Хани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните во салата.

На седницата присуствуваат 70 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучувва.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, господин Бранки Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, мандатарот и предложените кандидати за состав на Владата на Република Македонија, шефовите на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

Пратениците Илија Илоски и Илија Гечев поднесоа оставки.

Констатирам дека согласно член 152 став 1, алинеја 1 од Изборниот законик на пратениците Илија Илоски и Илија Гечев им престанува мандатот. Бидејќи пратениците Илија Илоски и Илија Гечев беа избрани од листи на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатите од овие листи на кои треба да им се верифицира мандатот за пратеник, согласно член 153 од Изборниот законик.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи итноста Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Итноста од ставање на оваа точка на оваа седница, на дневниот ред се состои во следното:

Во член 16 од Деловникот на Собранието на Република Македонија стои дека верификација на новите мандати на пратениците кои се избрани согласно дополнителните избори или од остатокот на мандатот, од листите на кандидати врши Собранието на Република Македонија на првата наредна седница по предлог на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Имајќи предвид, како што констатиравте и Вие, дека двајца пратеници поднеле оставки и се констатирани нивните оставки, исто така имајќи предвид дека по изборот на Владата 7 пратеници ќе бидат после министри, кога ќе бидат избрани, неопходно е на оваа седница да се состави и избере Комисијата за деловнички и мнадатно-имунитетни прашања. Затоа, Комисијата достави предлог, согласно член 66 од Деловникот на оваа седница да се стави и оваа точка на дневниот ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Пред да го ставам на гласање Предлогот, напоменувам дека претседателот на Владата и членовите на Владата кои се избрани за пратеници на Собранието на Република Македонија, гласањето ќе го вршат со кревање на рака, бидејќи системот за електронско гласање не дава можност да се гласа од местата определени за Владата.

Андреј Жерновски процедурално бара збор.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе,

Би сакал само да го искажам ставот на пратеничката група на ЛДП по повод оставките на веќе избраните пратеници.

Имено, ќе почнам од Уставот, па потоа Деловникот, согласно Уставот на Република Македонија член 65 - пратеникот може да поднесе оставка, па потоа - пратеникот оставката ја поднесува лично на седница на Собранието, потоа Деловникот вели, член 53 - пратеникот оставката ја поднесува лично на седница на Собранието и може да ја образложи.

Оттаму, наш став е дека оваков вид на оставка, како што вам ви е дадена од страна на пратениците, не е во согласност со Уставот и Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и тие треба да ја поднесат лично.

Зошто го кажувам ова, затоа што тоа може да стане пракса каде што некои пратеници не по своја волја, туку по волја на партијата можат, едноставно, од страна на партијата да дадат или партијата да даде некакви оставки а да тоа всушост не бидат лични оставки од страна на

пратениците. Сметаме дека, токму поради тоа е ставено така во Деловникот, односно во Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Почитувајќи го Вашето мислење што ме доведува на размислување да евентуално порадикално ја промениме веќе постојната пракса што прима преку архива, уредно, легитимно и со сите нишани потпишани оставки. Можеби ова ќе го земам сериозно предвид да ја промениме таа традиција и да бидеме поблиску до уставните одредби.

Ви благодарам.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пратеникот Слободан Најдовски дофрла од место дека не може да се оди понатаму, бидејќи претходно имаше пријавено пратеник за дискусија).

Не е страшно, вратете го името на телопот.

Бидете љубезни притиснете го повторно копчето, пријавете се.

Господине Жерновски повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе,

Не се работи тука за традиција, ниту вие имате право тоа да го толкувате, ниту ние. Си имаме Устав и Деловник за работа.

Меѓутоа, јас имам потполно разбирање дека вие сте нов на оваа функција, се разбира не мислам да го злоупотребувам тоа, но сакам да кажам ова еве нека биде последен пат, затоа што знаеме дека и во историјата ја имаме таа пракса.

Но, она на што јас ќе морам да инсистирам од лично име и од име на партијата, да тие се појават лично и лично ја дадат својата оставка, затоа што ќе направиме нешто што понатаму, како што кажавме и самите, ќе стане пракса и можеби може да биде злоупотребено тоа. Ние овде кои всушност го браниме Уставот на Република Македонија не треба да го дозволиме тоа.

Оттаму, сметаме дека овој вид на оставка не е легитимен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Пред да го ставиме Предлогот на гласање, напомнувам дека претседателот на Владата и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, гласањето ќе го вршат со кревање на рака бидејќи системот за електронско гласање не дава можност да се гласа од местата определени за Владата.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за Предлогот гласале 62 пратеници, воздржани нема, против нема.

Ги молам претседателот на Владата и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат за Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака?

(Никој не крева рака)

Кој е против, молам да крене рака? (Никој не крева рака)

Дали има некој воздржан?

(Избраните пратеници креваат рака)

За Предлогот гласале 62 пратеници, против нема, а воздржано гласале 4 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлагам Предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Севкупно гласале 75 пратеници, 75 гласале за, воздржани нема, против нема.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?

(6 пратеници се изјаснија за)

Кој е против молам да крене рака? (Нема)

Кој е воздржан? (Никој)

Вкупно гласале 81 пратеник, за Предлогот гласале 81 пратеник, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

За седницава го предлагам следниов дневен ред:

1. Избор на Владата на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за основање на делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 75 пратеници, за гласале 75 пратеници, воздржани нема, против нема.

Го молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по предлогот со кревање рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

(Пратеници креваат рака)

Кој е против молам да крене рака? (Никој)

Кој е воздржан? (Никој)

Вкупно гласале 80 пратеници, за предлогот гласале 80 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Избор на Влада на Република Македонија.**

Предлогот за состав на Влада и Програмата Ви се доставени.

Експозе по повод Предлогот на Владата и за основните елементи на Програмата на Владата ќе поднесе мандатарот, господинот Никола Груевски.

Има збор господин Никола Груевски.

**Никола Груевски:** Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници, претставници на Владата на Република Македонија, ваши екселенции, почитувани гости.

Дозволете ми на самиот почеток од ова мое излагање да ја искористам оваа можност на сите пратеници од новиот парламентарен состав да им го честитам изборот и да им посакам успешна работа во следните четири години.

Изминаа повеќе од петнаесет години од почетокот на транзицијата на Република Македонија кон пазарно-ориентирана и демократска земја. Меѓутоа, денес во земјата се живее многу тешко, а демократијата е на ниско ниво. Илјадници луѓе се без работа и се борат со сиромаштијата. Корупцијата и криминалот достигнаа невидени размери, демократските процеси назадуваат, голем број млади луѓе не гледајќи перспектива во земјата, заминаа во странство.

Денес граѓаните на Македонија немаат услови за достоинствен живот, мака мачат да обезбедат елементарна егзистенција, а бедата и разединетоста претставуваат потенцијална опасност за социјалната и политичката стабилност на земјата, загрозувајќи ги на тој начин аспирациите за интеграција во Европската Унија.

Визијата на новата Влада е Република Македонија да биде демократска, економски силна и социјално праведна земја, која ќе оствари интеграција во Европската унија.

За остварување на ова визија, потребна е економска преродба на земјата. Потребни се силни, одлучни и комплексни реформи кои ќе донесат подобар живот за сите граѓани, а земјата ќе ја приближат кон исполнување на најзначајната цел: членство во Европската Унија, членството во НАТО.

Владата на Република Македонија ќе пристапи кон решавање на акумулираните проблеми преку нова развојна парадигма, во која основни економски принципи се: економска слобода и еднакви услови за работење за сите субјекти; динамично спроведување на структурните реформи; и партнерски однос на државата со сите релевантни субјекти, а посебно со приватниот сектор со цел да се забрза неговиот развој и да се креираат нови работни места.

На политички и надворешен план, главните постулати за работа на новата Влада вклучуваат целосно почитување на Уставот, имплементација на преостанатите одредби од Охридскиот договор и целосна и доследна реализација на обврските согласно договорите со ЕУ и НАТО.

Основни цели на Програмата за работа на новата Влада за периодот 2006-2010 се: подобрување на животниот стандард на населението преку повисок економски раст, зголемување на вработеноста, засилена борба против корупцијата, развој на демократијата, подобрување на меѓуетничките односи, политичка стабилност на земјата и интеграција во ЕУ и НАТО.

Притоа, остварувањето на динамичен економски развој и интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО се двата клучни приоритети. Реализацијата на овие приоритети подразбира решително спроведување на комплексни реформски мерки во сите сфери.

Првиот сет на реформски мерки е во функција на забрзување на економскиот раст преку подинамичен развој на приватниот сектор. Реформите во оваа област вклучуваат:

1. Зголемување на конкурентноста на македонските претпријатија преку микроекономски реформи, намалување на даночното оптоварување на фирмите преку воведување на така наречен рамен данок по единствена стапка од 10% во две фази, најпрво 12, па 10 отсто, зголемување на инвестициите во информатика, технологија и знаење, намалени административни трошоци на фирмите за лиценци, сертификати и сл., подигнување на квалитетот на работната сила и зголемување на нејзината флексибилност, сертификација и стандардизација на квалитетот на производите, либерализација на телекомуникациските услуги, модернизација и поголема поддршка за земјоделството преку буџетски субвенции и намалување на стапката на ДДВ за земјоделските репроматеријали.

2. Подобрување на инвестиционата клима во земјата преку сведување на даноците на најниско ниво во Европа, стимулации за странски гринфилд инвестиции, поедноставување и намалување на регулативата и процедурите за регистрација, забрзана наплата на побарувањата, специјализација на судовите за комерцијални спорови, зголемена предвидливост на законските прописи, транспарентно работење на државните институции, подобрена јавна инфраструктура, функционирање на единствен катастар, и полесен пристап до поефтини финансиски средства.

3. Макроекономски политики кои ќе бидат во фунцкија на економскиот развој. Фискалната политика ќе биде и натаму дисциплинирана, но порелаксирана во делот на капиталните инвестиции. На среден рок ќе се одржува контролиран буџетски дефицит најмногу до 1,5% од БДП. Ваквата фискална позиција ќе обезбеди развојна улога на буџетот, без притоа да

предизвика зголемување на јавниот долг како процент од БДП. Дефицитот до 1,5% при пораст на БДП од 6-8% годишно, гарантира постепено намалување на задолженоста на Република Македонија на околу 35% од БДП.

4. Новата Влада ќе преземе мерки со кои за прв пат од осамостојувањето во Република Македонија ќе дојде до намалување на учеството на јавната потрошувачка во БДП. За разлика од сите претходни Влади, ќе го намалиме учеството на јавната потрошувачка во БДП за 2 процентни поени до 2010 година. Воедно, за да се обезбеди подобра структура на буџетските расходи во функција на економскиот раст, ќе извршиме преструктурирање на јавните расходи во насока на постепен пораст на капиталните инвестиции до ниво од 5% од БДП. Во овие рамки, предвидуваме релизација на десетици инфраструктурни проекти во транспортната мрежа, при што приоритети ќе имаат Коридорите 10 и 8, енергетиката и водоснабдувањето итн.

**5.** Трошоците за реализација на овие мерки ќе бидат надоместени преку намалување на непродуктивните буџетски расходи, вклучувајќи ги и расходите **з**а автомобили, мебел и канцелариски материјал.. Во првата наредна буџетска година 2007 од работењето на Владата во целост ќе се воздржиме од набавка на нови возила и мебел за канцелариите. Во периодот 2008-2010, предвидуваме нивно намалување за најмалку 30% во однос на нивото од 2006. И оваа мерка е новина во работењето и односот кон државните пари, која за прв пат се предлага од некоја Влада. Средствата што ќе се заштедат, ќе ги пренасочиме за голем број продуктивни инвестиции и проекти кои се дел од оваа програма.

6. Воедно, преку сеопфатни реформски активности ќе работиме на подобрување на квалитетот и ефикасноста на јавната администрација. На ова ниво на развој, на Република Македонија и е потребна помала но поефикасна државна администрација, која ќе обезбеди подобар квалитет на јавните услуги преку зголемена ефикасност на работењето. Воведувањето критериуми за вработување и унапредување базирани врз професионалност и знаење, ќе овозможи целосна деполитизација и професионализација на јавната администрација.

**7.** Подобрувањето на амбиентот за работење во земјата вклучува и реформски мерки за редуцирање на бирократијата и поефикасно работење на судството. Тоа ќе го оствариме преку дерегулација, укинување на стотици непотребни прописи кои го обременуваат работењето на приватниот сектор, како и преку организациони и институционални реформи со кои ќе се забрзаат судските постапки, ќе се забрза извршувањето на договорите и ќе се подобри заштитата на сопственичките права и кредиторите. Воедно, предвидуваме и воведување на механизми за контрола и следење на работењето на администрацијата од страна на граѓанскиот сектор.

8. Сите овие реформи, заедно со дополнителните директни мерки како што се симплификација и модернизација на даночната и царинската постапка, ќе делуваат во насока на намалување на сивата економија. Во таа насока, афирмативните мерки ќе бидат пропратени и со соодветни казнени мерки. Стратегијата на новата Влада е преку приближување на трошоците за работење во сивата економија до користите од преминување во легалната економија, да се мотивираат економските субјекти постепено да го легаилизираат бизнисот. Тоа ќе доведе до зголемување на БДП кој се создава во легалната економија, со позитивни ефекти врз вработеноста и буџетските приходи.

Една од новините во Програмата на новата Влада е многу поактивен пристап во привлекувањето на странски директни инвестиции, кои се клучни за развојот на приватниот сектор и подобрување на конкурентноста. Во таа насока, во Владата предлагам два министри без портфолио кои ќе се занимаваат исклучиво со странските инвеститори. Истовремено, Владата ќе ангажира 20-50 најпознати светски консултантски куќи за привлекување на гринфилд-инвестиции во Македонија.

За поефикасна промоција и привлекување на инвестициите, ќе формираме единствена професионална агенција Инвест Македонија, која ќе развие мрежа на канцеларии во странство со контакти со сите бизнисмени од македонско потекло и со странските инвеститори. Воедно, предвидуваме и агресивна промоција на инвестициските можности во Македонија од тим предводен од премиерот, а во соработка со стопанските комори и бизнисмените. Сите овие мерки ќе создадат услови за зголемување на износот на домашни и странските инвестиции до ниво од над 25% од БДП.

10. Напорите за подобрување на конкурентноста на економијата и социјалната состојба во земјата нема да резултираат со успех доколку не се подобрат квалитетот на образованието, квалитетот на здравството кои се на пониско ниво од сите земји во регионот.

Во образованието планираме да извршиме промена на наставните програми со нивно прилагодување на потребите на модерната пазарна економија. Во иста насока ќе биде формирањето, односно поттикнувањето на приватни средни училишта и универзитети со можност познати странски универзитети да отворат свои единици во Македонија, воведување на задолжителен предмет информатика во основното образование, компјутеризација на училиштата итн.

Реформите во здравството ќе бидат фокусирани во подобро управување со јавните финансии, посебно во рамките на Фондот за здравство каде предвидуваме ангажирање на странски експерт. Воедно, ќе имплементираме реформски мерки за подобрување на квалитетот на здравствените услуги и намалување на цената на тие услуги. За

сите граѓани ќе обезбедиме единствен и јасен дефиниран пакет на здравствени услуги.

Реформските мерки од првиот пакет се во најголем дел со рокови во првата година од мандатот на Владата - подетално тие се презентирани во Програмата која ја доставив до Собранието.

Преку реализација на сеопфатната програма на овие реформски мерки, очекуваме во периодот 2006-2010 да се реализира просечна стапка на раст на БДП од 6-8%, која ќе овозможи креирање на нови работни места и ублажување на најгорливиот економски и социјален проблем во Република Македонија – невработеноста. Всушност, сите мерки и реформи во предложената програма ќе бидат ригорозно селектирани врз основа на нивниот ефект врз приватниот сектор и потенцијалот за зголемување на вработеноста.

Вториот пакет на реформски мерки се однесува директно на условите за интеграција на Република Македонија во ЕУ.

Нагласувам дека не треба да има никаква дилема дека за новата Влада на Република Македонија продолжувањето и интензивирањето на сите активности кон исполнување на Копенхагенските и Мадридските критериуми за членство во Европската Унија е врвен приоритет. Процесот се одвива во континуитет повеке години station наназад и ние како партии во опозиција, а претходно и на власт и сега како идна влада секогаш сме го давале и ќе го даваме својот максимален придонес кон исполнување на оваа стратешка цел - Македонија во догледна иднина да стане дел од развиеното Европско семејство.

Свесни сме дека на тој пат има многу предизвици, ќе треба да се донесат тешки одлуки и да се спроведат на дело. Токму на моментот на спроведувањето на европските прописи и оспособувањето на домашните институции за практикување на европските стандарди и на европските прописи ке ја насочиме енергијата на новата Влада. Граѓаните заслужуваат европските стандарди за кои зборуваме, да станат дел од нивното секојдневно живеење.

Агендата кон Европската Унија е јасна и ние се обврзуваме дека стриктно ќе ја спроведуваме Спогодбта за стабилизација и асоцијација, а ќе ги следиме насоките од Европското Партнерство и ќе ги реализираме сите препораки од Аналитичкиот Извештај на Европската комисија подготвен при оформувањето на Мислењето по Апликацијата за членство на Република Македонија. Сакам да потврдам дека ќе сториме се што е потребно за до 2010 година да ги исполниме критериумите за членство, односно да ги завршиме нашите обврски.

Нашите нескриени амбиции се да ги започнеме преговорите за членство во текот на 2007 година, или барем во овој период да го добиеме датумот за започнување на преговорите, нешто што делумно ќе зависи од нас и делумно од состојбите внатре во ЕУ. Сметаме дека и до сега Македонија и нејзините граѓани вложија и жртвуваа многу во процесот на интеграција. Време е, и нашите очекувања се дека членките на Европката унија ќе ни дадат нов импулс со отварањето на преговорите. Колку тие ќе траат, ќе зависи од нас самите колку сме способни да ги исполнуваме условите за членство, колку сме способни да ги применуваме европските прописи. Но, од исклучителна важност е преговорите да започнат и да ги трасираат кон завршната цел сите наши реформски процеси. Ние сме подготвени, за тоа имаме и политичка волја, и кадар и енергија.

Кон новиот Инструмент за Пред пристапна помош (ИПА) ќе се однесуваме сериозно и професионално, а пред се ќе се фокусираме на подготовка на нашите институции за подигнување на апсорпционата способност за користење на расположливите средства. Свесни сме дека средствата ќе останат само на хартија доколку не се продуцираат квалитетни и корисни проекти и доколку не се обезбеди нивна навремена имплементација. Воспоставувањето и акредитацијата на децентрализираниот систем за имплементација на ИПА средствата е еден од клучните краткорочни приоритети на оваа Влада.

Со извонреден напор на сите македонски граѓани. силите на мирот во случајот на Република Македонија се покажаа посилни од силите на војната. Интеграцијата на Република Македонија во ЕУ и НАТО, на кои најсериозно ќе работиме, ќе означи дефинитивна победа на мирот, соживотот и етничката толеранција кон кои ние како Влада и држава сесрдно се стремиме. Во насока на исполнување на целта за членство во НАТО во 2008, со голема сериозност ќе ги релизираме обврските одредени во Акциониот план за влез во НАТО и реформите предвидени во овој контескт. Воедно, ќе ги интензивираме напорите за решавање на проблемот со визите, како еден од клучните пречки за интеграција на македонските граѓани во европското семејство на народите.

Република Македонија ќе има многу конструктивна улога во напорите за регионот на Југоисточна Европа да остане стабилен и да биде просперитетен дел од европското семејство на народите. Тоа ќе го оствариме преку интензивна политичка и економска соработка со соседите и активно учество во регионалните проекти.

Ќе ги продолжиме преговорите со Република Грција во рамките на ООН околу разликите во името, при што зачувувањето на правото на употреба на уставно име согласно меѓународните стандарди ќе биде основен постулат на стратегијата за преговори.

Реализацијата на основните приоритети на Владата на Република Македонија нема да биде можна без подобрување на квалитетот на јавните институции за спроведување на реформите, зголемување на транспарентноста на работењето на Владата и решителна борба против корупцијата. Тоа е третиот столб на нашата програма за работа.

Борбата против корупцијата ќе биде многу тешка. Таа е вгнездена во сите пори на македонското општество. Затоа нашата стратегија е да ги ангажираме сите расположливи потенцијали, вклучувајќи ги Владата, државните институции за борба против корупцијата, граѓанскиот сектор, медиумите итн. Преку личен пример и јасна политичка волја Владата ќе спроведе нови принципи на транспарентно и одговорно работење, согласно меѓународните стандарди. Мерките кои ќе ги преземеме вклучуваат: формирање на меѓуминистерско тело за координација на иницијативите и мерките против корупцијата, намалување на дискреционите права на јавните функционери, транспарентност на условите и критериумите за назначување на судии, транспарентност во донесувањето и извршувањето на буџетот и продажбата на државен имот, електронско извршување на бројни функции на администрацијата како на пример добивање на формулари и извршување на јавни набавки, зголемена независност и јасни ингеренции на антикорупциската комисија, обдусманот и јавниот правобранител, и водење на граѓански дневник за евалуација и отчет на државните институции пред граѓаните. Во функција на бескомпромисна борба против корупцијата, предвидуваме ангажирање на странски експерти за извршување на некои функции во клучните институции како што се Јавното правобранителство, Фондот за здравство итн. Тие ќе помогнат да се зајакне капацитетот на институциите преку пренесување на знаење и експертиза на македонските експерти во овие области.

Последната новина во работењето на оваа Влада е промената на односот кон македонската дијаспора. Македонците кои живеат во странство се наши амбасадори, инвеститори и промотори на идеите за членство во ЕУ и НАТО. Новата Влада ќе им подаде рака за партнерство, а нивната интеграција со родната земја ќе биде поттикната и преку создавање на можност за гласање во дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Сето ова за кое зборував во моето излагање, нема да се случи во првите 100 дена од работата на новата Влада. Но значајно е да работиме, да чекориме постојано. Се разбира, дел ќе се случи во тие 100 дена. До целта не стигнуваат секогаш најбрзите. Први стигнуваат оние кои чекорат постојано без да застанат, без да застануваат и без да прават паузи. Сепак, имајќи ги предвид бавноста на реформите во изминатите 15 години, и предолгото талкање во зоната на транзицијата, брзината на реформите ќе биде еден од приоритетите на Владата. Ова пак во никој случај не смее да креира нереални очекувања, затоа што како што многупати спомнав во кампањата во економијата нема успеси преку ноќ, ниту пак чуда, нема пресврти за неколку месеци, но со многу енергија, работа, труд, посветеност, истрајност, компетентност, добар тим и добра организација, резултатите чекор по чекор, но сигурно ќе почнат да доаѓаат.

Економските проблеми, сиромаштијата и невработеноста се проблеми на сите граѓани од сите вери и сите етнички заедници. Не постои нешто што посилно ги обединува македонците, албанците, турците, ромите, србите, власите, бошњаците и другите делови од народи што живеат во Македонија, од заедничката најголема болка, сиромаштијата. Борбата против неа, како и против криминалот и корупцијата бараат широка поддршка. Затоа сите заедно треба да работиме за спроведување на реформи, колку и да ни изгледаат тешки, за подобра иднина на нашите деца, за просперитет на нашите семејства. Обединети - ние можеме да направиме се. Разединети - ние не можеме да направиме речиси ништо.

Затоа, ги повикувам сите граѓани и политички партии да работиме заедно за подобар стандард на живеење, за побезбеден живот, помалку убиства и криминал, поголема демократија и почитување на личните права и слободи. Да се обединиме против корупцијата, криминалот и злоупотребата на јавните функции. Да се учиме меѓусебно како на албански, турски, ромски, српски, влашки, англиски и македонски се изговараат зборовите економски развој, подобар квалитет на живот, образование, работа, компјутер, европска интеграција.

Ние припаѓаме на различни политички партии. Припаѓаме на различни вери и етнички групи. Но, ние имаме заедничко наследство – сите сме граѓани на Република Македонија. И имаме заедничка иднина – сите ќе сме граѓани на Европската Унија.

Ние не очекуваме, ниту бараме секогаш да ги поддржувате нашите политички ставови. Но, искрено се надеваме дека секогаш ќе ги поддржувате ставовите и политиките кои се добри за иднината на македонските граѓани и интеграцијата на Република Македонија во ЕУ.

Од Вас, почитувани членови на Собранието на Република Македонија, како и од македонските граѓани, но пред се од Владата, зависи успехот на Република Македонија. Јас сум убеден дека со вашата интензивна работа, интезивна работа на Владата, огромна енергија и искуство, ќе и дадете поддршка на Владата во реализацијата на нејзината Програма, а идните министри со макотропна работа, со чесен однос кон работата и дадената доверба, со користење на најдобрите човечки капацитети што ќе ги најдат околу нив, држејќи се до програмските определби и со божја помош, ќе ја спроведат програмата и ќе ја оправдаат довербата, и полека но сигурно ќе се подобрува квалитетот на живеење на граѓаните на Македонија.

Пред сите нас претстои огромна работа, големи предизвици и отпори. Но, ние не се криеме од одговорноста. Напротив, ја пречекуваме подготвени. Затоа што знаеме дека резултатите од таа работа ќе бидат уште поголеми и

позначајни, подобри економски резултати, помалку сиромаштија, посреќна европска иднина.

Секако дека нема да ги заборавиме многу групи на граѓани на кои им е потребна поддршка, а кои заради ограниченоста на ова експозе не можам во целост да ги елаборирам, како што се раселените лица, лицата со посебни потреби, бранителите и нивните семејства, притворените во Хаг, Јохан Тарчуловски и Љубе Бошковски, земјоделците како најмаргинализирана структура во изминатиов период, пензионерите, децата без родители, лицата кои преживуваат од социјална помош и оние кои ја немаат ниту неа, ниту вработување, и многу други категории на граѓани на кои ќе им биде потребна поддршка.

Нашата девиза е дека најдобра социјална политика е онаа политика која отвора нови работни места.

Наш партнер ќе биде приватниот сектор, малиот и среден бизнис, коморите и синдикатите,

Нема поголема чест од тоа да бидеш избран од народот за Премиер или предложен за министер на сопствената држава. Нема ништо посвето од тоа да му служиш на сопствениот народ, да се грижиш и работиш за неговата иднина. Но, истовремено нема ни поголема одговорност и обврска кон оној кој ти ја дал довербата.

Јас и министрите од новата Влада ветуваме и се обврзуваме дека посветено ќе ги решаваме проблемите на граѓаните, ќе отвориме нов развоен циклус и ќе направиме голем исчекор во развојот на Македонија и нејзината интеграција во ЕУ. Ве повикувам да ни ја дадете Вашата поддршка за тоа.

Владата која ја предлагам е составена од луѓе кои се истакнати професионалци во својата работа во земјата и во странство, луѓе со висок личен интегритет и високи етички стандарди и морални квалитети, но и човечки вредности. Луѓе кои се образовани, способни и компетентни да ја вршат работата, за која ја бараме Вашата доверба. Но, истовремено, и луѓе кои се подготвени да бидат во постојана проверка на нивната работа и на нивните резултати. Нашата младост и свежина, комбинирана со искуството на еден дел од предложените министри е наша предност за она што сакаме да го сториме, економска и демократска преродба на Македонија.

Она што го ветуваме е она во што веруваме. Веруваме во многу работа, веруваме во знаење и одговорност, веруваме во силата на македонскиот народ и на граѓаните на Македонија. Со наша огромна работа и помош од нашите пријатели и партнери од странство, ќе ги оствариме овие големи цели.

Јас цврсто верувам дека во илјадниците години што претстојат, во Република Македонија ќе живеат заедно и засекогаш на овој простор – Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци, Власи и други народи и етнички заедници. Исто така цврсто верувам дека во илјадниците години кои и престојат на нашата земја, следните чекори ќе бидат запишани како едни од посветлите мигови во историјата на Македонија.

Со огромна доверба во Владата која ја предлагам, со голема решеност да успееме, го молам Собранието на Република Македонија да ја изгласа предложената Влада на Република Македонија и да почнеме со работа на преродбата на Македонија!

Нека Господ не благослови сите нас и Република Македонија.

Ви благодарам.

(френетичен аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Отворам претрес.

Господинот Макрадули, процедурално.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претседателе.

Согласно член 79 од Деловникот за работа на Собранието, барам еден час пауза во името на пратеничката група откако ќе ни се подели експозето на мандатарот.

**Љубиша Георгиевски:** Значи еден час откако ќе се подели.

**Јани Макрадули:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Објавувам пауза од еден час.

**Јани Макрадули:** Еден час откако ќе ни се подели експозето.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, еден час пауза откако ќе се подел;и експозето.

(Пауза од 11,55 до 13,53 часот).

Почитувани пратеници,

Пред да продолжиме со нашата седница и со оглед на тоа дека имаме само седум минути до регуларната пауза, за која дознавам дека има веќе митски димензии во традицијата и која почнува во 14,00 часот предлагам од сега да ја почнеме таа пауза за ручек, ама во 15,00 часот точно да се собереме за да продолжиме со седницата, се разбира, ако се согласувате.

Пријавените за збор се пријавени за збор, бидејки претресот е отворен.

Повелете, само јас едноставно сакав да не го пресекувам било кој пратеник во зборот, затоа што не знам колку време ќе говори и не е убаво сега да ве пресекувам. Инаку, овој редослед на пријавите си останува, бидејки претресот беше отворен.

(Пауза од 13,55 до 15,00 часот).

Продолжуваме со работа.

Продолжуваме со претресот.

За збор се јави господинот Јани Макрадули.

Повелете господине Макеадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, претпоставувам дека ред би било мандатарот и кандидатите за Влада да бидат присутни во салата кога започнува дури во 15,00 часот дискусијата за изборот на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Регуларно се повикани.

**Јани Макрадули:** Не верувам дека не сте ги повикале регуларно, но мислам дека деловничка обврска има мандатарот со министрите односно кандидатите за министри да биде тука. До колку пратениците на НСДП се толку нестрпливи можат да се придружат исто на ВМРО-ДПМНЕ и да излезат надвор од салата. Ако не се нестрпливи, да ги почекаме заедно. Да ја започнеме коректно седницата би било во ред.

**Љубиша Георгиевски:** Се согласувам, ако сакате да почекаме малку.

**Јани Макрадули:** Еве, да се обидеме.

**Љубиша Георгиевски:** Нема проблем.

Видете, Роксе, каде е застојот.

Молам службите да известат за што се работи.

(Претседателот и пратениците ги очекуваат мандаторот и кандидатите за министри да влезат во салата.

Мандаторот и кандидатите за министри влегуваат во салата).

Задоцнувањето е две минути.

Да продолжиме понатаму.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Уште еднаш да потсетам дека сосема легитимно и согласно Деловникот за работа на Собранието побаравме предлагачот по точката, а тоа е мандатарот господининот Никола Груевски да биде во салата за да можеме да започнеме со дискусијата.

Најпрво ќе се придружам кон честитките на сите колешки и колеги пратеници, се надевам дека ќе имаме плодна соработка и ќе носиме успешни закони овде во Собранието.

Од денес и формално започнува периодот каде граѓаните се определија да чекорат со крупни чекори, со нови сили за решавање на македонските предизвици и искушенија. На денешниот избор, покрај подадената работа со честитки за победата, обврска е на секоја сериозна политичка партија да укаже на некои нелогичности, проблематични точки во понудената програма и тим кој истата програма треба да ја спроведе, или ако сакате во оваа невообичаено камерна атмосфера да воведеме малку дух и живот овде во Собранието.

Ја започнувам мојата дискусија секако свесен за присутниот хендикеп дека после изборен пораз некој можеби дискусијата ќе ја свати како задоцнета, непотребна, свесен дека нечујноста во медиумите за успесите на СДСМ трае, како и за јасната подршка на предложената Влада. Но сепак, јас не мислам онака како што 2002 година говореше господинот Милошоски. Цитирам: "Затоа, жал ми е за оние политичари што сеуште не научија колку е големо влијанието на медиумите во политиката. Важно е да се пишува и да се зборува без престан се додека народот не подзаборави кои сте биле и што сте направиле. Идејата е на народот уште еднаш износените опинци да му се продадат како нови. Целта е доаѓањето на власт. Како и да е, во овие предизборни денови границата меѓу медиумите и политиката е многу тенка. Се повеќе новинари читателот го третираат како празноглава кукла чија мисла може лесно да се обликува со кратка терапија од добро спакувани полувистини. Затоа е препорачливо да се сомневата додека читате или слушате вести. Читајте полека, препрочитувајте и размислувајте додека читате. А на новинарите што ги користат овие стари трикови, не верувајте им повеќе одошто им верувате на своите комшики кога ве озборуваат во отсуство". (Завршен цитат) .

И затоа, почитувани граѓани, како што во својата колумна напишал господинот Милошоски, слушајте полека, препрочитајте ја денешната програма на Владата, понудата на личностите и размислете: дали така беше во кампањата, така ли се зборуваше, дали некој и ги применил методите од колумната, дали може политичката партиа на која припаѓа господинот Милошоски го употреби овој рецепт. Затоа, во воздух лебди прашањето зоштонема јавна дебата, зошто нема полемика, зошто нема критика, или пак е сосема природно мандатарот со леснотија може да каже дека нема годинава датум за преговори, а СДСМ зборуваше за денови. Или природно е на 27 јули госпоѓицата Јанкуловска да не биде претседател на Собрание, затоа што и е потребна на партијата како генерален секретар, а после две недели да поднесе оставка од истото место, да се зборува за некакво фамозно невидено образование на кандидатите за министри, а всушност според сите критериуми во Република Македонија 4 кандидати за министри имаат само средна стручна спрема. Се надеваме дека тука господинот Славевски ќе ја брани честа на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј".

Несвојствениот однос кон невладиниот сектор, кој да ве потсетам започна уште со предлагањето на претседателката на Хелсиншкиот комитет за претседател на Државната изборна комисија, со што дефинитивно се фрли дамка на се она што е невладино, дека први ќе сме го признаеле Косово и т.н.

Почитувани колешки и колеги пратеници,

Политичката понуда на избори се и програмата и кандидатите и затоа дозволете ми да се осврнам на некои аспекти од програмата и на некои личности кои што се предложени за министри во Владата на Груевски, Петковски и Џафери.

Кога ќе се погледне програмата на Владата веднаш се воочува дека истата е копија од изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ, што е сосема легитима, само останува дилемата: каде се преточија сите добри предлози на другите политички партии, зошто во првите 100 дена го нема Законот за стечај, измените; зошто во првите 100 дена го нема Законот за измени на Законот за работни односи. Секако во предвид треба да ја имаме алиби играта со Економскиот манифест, кој е потпишан 10 дена после

доставувањето на програмата и имињата на министрите во Собранието.

Она што на втора топка се гледа е промената на некои рокови, некои рокови се изоставени, а некои изгледа се потрошиле за време на изборната кампања. Така на пример октомври 2006 година станал до крајот на 2006 година или 1.01.2007 едноставно станало 2007 година. Мандатарот со најавата за Влада на 2  Август и Економски манифест на Мечкин Камен ги подигна очекувањата на граѓаните. За жал, потона во еден месец политички пазарења со партнерите. Да се надеваме дека слична судбина нема да доживее и програмата "Преродба во 100 чекори". Сепак, роковите се тука само да не потсетуваат и истите ќе висат над главата на Владата. Но она што мене најмногу ми пречи е низата ветувања кои се напишани, а кои реално постојат во секојдневниот живот и се безпредметни како ветувања. Во интерес на времето, ќе наведам само некои.

Прво, во делот за подобрување на инвестиционата клима има низа предлог мерки кои се во доменот на работа на Централниот регистар и едношалтерскиот систем. Да потсетам, тоа беше едно од барањата на Европската комисија за да се додели статусот кандидат, кој Владата на СДСМ успешно го заврши. На пример, во делот на тие микроекономски мерки или подобрување на инвестиционата клима: постапка за експедитивна регистрација која ќе се завршува за најмногу 3 дена - тоа веќе постои; постапка за регистрација преку едношалтерскио тсистем се завршува за најмногу 5 дена, но во 90% од случаите таа се завршува за 3 дена. За регистрација на претпријатија ќе биде доволно, се вели во програмата, да се пополни еден формулар и нема да има потреба од пополнување на бројни формулари. Тоа е исполнето, согласно Законот за едношалтерски систем и водење на трговски регистар донесен е Правилник и Формат кој што е во сила. Секое претпријатие ќе има единствен регистарски број и тоа постои, нема потреба од датум 1.03.2007 година. Согласно членот 6 од Законот за едношалтерски систем и водење на трговски регистер, секој субјект поседува единствен матичен број . Ќе се воведе електронска регистрација преку интернет-исполнето; нема да има обврска за објавување на оглас во "Службен весник" - и тоа е исполнето. Да не ги читам до крај, воведувањето на единствена електронска база и т.н. Сето тоа е исполнето и тоа сигурно нема да биде во придобивките или реков безпредметно е ветувањето во тој дел.

Вториот дел се однесува на Телекомуникациите. Претседателе, не грижете се, нема да зборувам за критиките од вашиот партиски колега Трајчевски зошто не сте го почитувале делот од "Преродба во 100 чекори" за Телекомуникации, туку ќе цитирам некои други делови.

Во воведот пишува дека цените се поскапени во однос на 2002 година. И тука ќе се согласам. Но за жал, истите се пресметуваат согласно формулата која се наоѓа во Концесискиот договор и Ексклузивниот договор потпишан од тогашниот министер за финансии, а сега мандатар. Според постоечкиот Закон, нема законски можности да се распише тенде за трет мобилен оператор. До колку ресурсот кој сака да се користи е ограничен, на пример, фреквентниот спектар како што е сега случајот во однос  на мобилните оператори, тогаш тоа го прави Агенцијата за електронски комуникации,како што е започната постапката за ВАИМАКС технологија. Нема лиценци, туку постои единствено нотификација на операторите, апсолутно најлиберален пристап за решавање на конкуренцијата во сферата на Телекомунијациите и апсолутно проевропски концепт. Во однос на регулаторните тела апсолутно нефункционален е обидот за спојување на Агенцијата за електронски комуникации и Советот за радиодифузија. Сакам да ви укажам  дека тој концепт го има само во Словенија и важи за негативен пример. Примерот, од друга страна, на воспоставувањето на Агенцијата за електронски комуникации во Република Македонија е приемр по европски рецепт и тоа ќе го слушнете во Брисел сигурно или овде сега наскоро кога ќе дојде делегација на Комисијата од инфорамтичко општество во Македонија. Строго е разграничена функцијата на двете тела. Агенцијата се грижи за технички аспекти кои се апсолутно имуни на политиката, а Советот за радиодифузија се грижи за содржината или контилтот, кој е повеќе податлив, за жал, на политички влијанија.

На крајот, намерата за спојување на телата е контрадикторно со она што го пишувате во вашата програма на страница 16 за неопходност за зајакнување на независноста на Агенцијата за електронски комуникации и Советот за радиодифузија преку професионализација и неможност за извршување на друга паралелна функција во јавниот сектор. Но за жал, тука гледам обид за политички упад во овие две институции, кој верувајте ќе биде строго мониториран од страна на европските пријатели, чии што договори за воспоставување институционализација на Агенцијата е сеуште тука.

И секако, третиот дел што сакам да го истакнам е делот на електронски услуги и информатичко општество. Тоа е тема каде верувајте ќе ја имате мојата подршка за сите свежи идеи и проекти. Но она што е наведено во програмата веќе егзистира кај нас, и не само што егзистира, туку заради својата функционалност дел од проектите се наградувани со домашни и светски награди. Кај нас има безжични мрежни инсталации,  за што имаме светски награди, и поврзување на граничните премини, и компјутеризација за издавање на лични карти во МВР, и Е-банкарство и Е-Влада. Имаме портал за услуги кон граѓаните, кој е масовно посетуван и користен од граѓаните, а како решение е избрано за најдобро во светски рамки во 2005 година, за што може да посведочи и вашиот колега министер, господинот Самак.

Затоа, Македонија во последните 4 години го подобри својот рејтинг за присуство според УНДП

за 30 места. Затоа интернет пенетрацијата се зголеми од 7 на 27% според истражувањата на УСАИД.

Секако, покрај напишаното, би сакал да напоменам нешто и за ненапишаното, односно за теми кои очекував да се најдат во програмата. На пример, не успеав да најдам како ќе се регулира големиот број на државни станови во спственост на кандидатите за министри од оваа Влада. Не успеав да го најдам терминот кога ќе биде донесен законот за полиција, еден од условите за започнување преговори со Европската унија. Не успеав да најдам кога во првите 100 дена ќе бидат предложени измени во Законот за териотријална организација за Струга и Кичево, односно за Кичево да не важи одложувањето што беше донесено, бидејки очекував така природно и така ни се ветуваше во собраниската расправа во 2004 година. Не ни очеккував да го укинете Тетовскиот универзитет, како што кажувавте тогаш овде во собраниските клупи рабо наутро. Но ме радува што во вашата Влада имате човек кој завршил на тој Универзитет и е дел од предложената Влада. Се надевам тоа нема да му пречи на господинот Милошоски за да започне штрајк со глад.

Затоа, би сакал да напоменам, секоја одговорна Влада мора да свати дека работењето во Владата не значи избор на теми и активности или она нам што ни се допаѓа. Напротив, Владата мора да извршува и активности кои се обврзувачки, ретко планирани и да менаџира евентуални кризи. При тоа, не се сите политички теми меѓуетнички, како што мандатарот се обиде да го избегне, за жал, во своето експозе. Затоа апсолутно политички нелогично е прокламирањето на таканречениот политички мораториум, како Владата да е некоја бизнис компанија, па политиката и менаџирањето на политичките теми се остават за некој друг. Секако, до колку и за ова не се има идеа да се ангажира некој странец, но нели ВМРО-ДПМНЕ од секогаш се борела Македонија да не биде нечиј протекторат. Или господине мандатар, заврши довербата во членовите на ВМРО-ДПМНЕ, па мора да повикате некого од надвор?

Патот до Европа не води само преку економските критериуми и исполнување на економските критериуми. Првото е исполнување на политичките критериуми. Но останува дилемата во јавноста зошто,ако економијата е топ приоритет, ВМРО-ДПМНЕ се одлучи за министерствата за економија и земјоделие да отидат кај други политички субјекти, и тоа крајно лево ориентирани. Или зошто тогаш ни треба на пример Министерството за надворешни работи, кога политичката дебата ја оставаме во фрижидер. Лошо е кога министерот за надворешни работи го мисли и го предлага ова. Од потазето колумни ќе цитирам нешто. Цитирам: " Но ако претпоставиме дека нашиот прием во НАТО може да се постигне во следните 3 години, тогаш треба да пресметаме дали сите други цели кон кои се стремиме може да се постигнат во една замислена ситуација и во еден замислен временски период надвор од рамките на членството во Европската унија. Зар Швајцарија не е надвор од Европската унија и уште понадвор од НАТО? Зарем Швајцарија не е исто, а можеби уште повеќе етнички измешана Македонија. Покрај тоа таа исто нема ниту нафта, ниту излез на море, ниту пак е распослана на голема територија. Знам дека ова звучи како нивно идеализирање на еден политички сон, кој се остварил во срцата на Европа, но за кој мнозина не веруваат дека е остварлив во срцето на Балканот. Токму тоа, неверувањето е најголемиот непријател на големите соништа. Но верувањето во нешто мора да постои за да продолжиме да се движиме. Затоа, ако веќе не можеме да веруваме во ЕУ како модел и цел, тогаш зошто да не почнеме да веруваме во приказната за Швајцарија. Ако веќе не можеме да бидеме Белгија на Балканите, тогаш зошто да не се обидеме од Македонија да направиме Швајцарија на Балканите. Македонија мора да се обиде да се замисли себе си како успешна приказна, па макар и надвор од ЕУ. Во тој контекст, нема никаква пречка зошто ЕУ терминологијата во нашата политичка реторика не би ја замениле со Швајцарија како замислена цел". (Завршен цитат). За среќа, денес имаме ретерирање од колумната на господинот Милошоски, каде што тој вели во МНР треба да се извлече максимум од секого, но главно е да се одржи континуитетот. Не би сакал да ја цитирам колумната од пред еден месец што се зборуваше за министерката за надворешни работи.

Јас искрено верувам дека брзо ќе дојде до промена на тие позиции и ставови. И самиот мандатар денес за прв пат посвети доста време за Европа, па дури го спомена и аналитчкиот извештај на Европската комисија, која до сега беше табу тема за пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Инаку тешко и нас и вас со ваква политика кон ЕУ, да потсетам, интерес на 98% од граѓаните на Република Македонија. СДСМ и другите политички партии од коалицијата и граѓаните на Република Македонија во изминативе 4 години многу вложија на патот на Македонија кон Европската унија.

И секоја импровизација може да биде кобна, а тој пат нема време да се учи успат, не помагаат нискоразредни колеџи, нема време да се стекнува искуство. Едноставно мора да се продолжи со политиката на долгорочна стабилност.

Од друга страна, кога зборуваме за личностите кои се дел од понудената листа за министри има неколку заеднички именители. Би земал два.

Прво, тоа се државните станови и заедничкото членување во неколку финансиски институции во времето кога сегашниот мандатар бил министер за финансии. Фамилијарните врски нема да ги споменам. И од овие две теми нема бегање. Со таа хипотека ќе влезат неколку министри и секако премиерот на чело.

Во интерес на времето ќе се обидам да зборувам само за првиот дел. Со реални очекувања да се разреши оваа тема беа не само граѓаните, туку и ние пратениците. Затоа очекував и да ја видам во Програмата во првите 100 дена. Нема подобар пример за нулта толеранција од личниот пример на неколку министри и мандатарот во аферата државни станови. И на најнаивните им е јасно дека прикривањето на случајот со државните станови и одбраната од страна на господинот Михајло Маневски е наградено со министерско место и тоа за правда, позиција што ја имал во 1986 година со што бројот на лево ориентирани министри драстично се зголемува. Иако да потсетам, госодин Михајло Маневски во минатиот состав на Комисијата за избори и именувања дојде како партиски предлог на ВМРО-ДПМНЕ за член на Комисијата за спречување на корупцијата сосема легитимно во дебатата што ја имавме тогаш. Иако ВМРО-ДПМНЕ го најави уште на 23 октомври 2005 година на прес конференција дека на веб страница на партијата ќе бидат објавени имотите на функционерите, до денес нема ништо. После усвоената Декларација овде во Собранието предложено од ЛДП и госодинот Слободан Најдовски повеќето функционери, но пред се сите од власта ги објавија своите имоти на веб страницата дали во Собранието, или во Владата, или на приватните веб страници. Но, да не биде објавувано кога ќе се стори тоа не знам, иако сега се најавува како некое чудо, демек ќе се објавувале за прв пат имотите. Но, можеби и тоа нема да се случи се додека Никола Груевски не ги продаде становите на "Бихачка 3" становите број 15 и 17, или ќе го прикаже само оној на улица "Васил Ѓоргов" или можеби само премиерската резиденција ќе ја пријави во евидентниот лист, да немаме дилема. Господинот Михајло Маневски немаше задача да открие зошто баш тие станови се купени на 9 август 2001 година, или ден после Карпалак. Но, имаше задача да констатира непријавен имот во вкупна површина од 283 м2. Но со изборот на Маневски има и добри страни. На пример, сега ќе може да дознае каде живее господинот Груевски затоа што како претседател на Комисијата тоа не успеа да го дознае. И како министер веројатно ќе има поголема храброст да доаѓа во Собранието и нема да ги избегнува седниците за пратенички прашања како што го правеше како претседател на Комисијата за спречување на корупцијата. Остана неодговорено прашањето за даночната пирамида и наводната инволвираност на високи судски личнпсти во случајот Орка Холдинг и во Компанијата ХОР Кавадарци и дупката во Буџетот од два ипол милини евра направена со експресна одлука на Апелациониот суд. По примерот на мандатарот и господинот Милошоски излегува со таа хипотека. Успева да купи од Јавното претпријатие два стана, се разбира помали и тоа веројатно не заради тоа што во извесен период бил советник на господинот Љубчо Георгиевски како премиер, туку веројатно тој бил со одлука на Влада претседател на Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за станбен и деловен простор. Таму задаа на Маневски беше да утврди дали може да се поседува државен стан во користење, а да се побара од Комисијата за станбени прашања уште еден и притоа да се откупи еден од нив. Но, се надевам како миниситер во Владата господинот Маневски ќе посвети дел за правно регулирање на судбината на државните станови, ќе поднесе законски измени во борбата против корупцијата со кои ќе се избегне ситуацијата пензионери да бидат многу побогати од своите деца политичари.

Почитувани пратеници, Република Македонија од денес ќе има нова Влада за прв пат во својата историја лево-десна. Се надевам дека нема од постојано тегнење де лево, де десно да останеме да тапкаме во место. Волјата, но и трпението на граѓаните се немилосрдни.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам за овој инспиративен опозициски прилог.

За реплика се јави пратеникот Влатко Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, јас би сакал да му реплицирам нешто на пратеникот Макрадули, а тоа се однесува на неколку аспекти.

Прво, овој тип на реторика и овие обвинувања и паушални работи кои што беа спомнати ги гледавме со години и со години македонските граѓани во изминатите 1100 денови на владеење на најнеуспешната Влада во македонската историја. Се видоа еден куп афери кои што немаа разрешница и обвинувања кои што беа невтемелени. Значи, сета оваа реторика беше присутна и пред 5 јули и на 5 јули излезе цела Македонија, излегоа македонските граѓани и гласаа. ВМРО-ДПМНЕ и нашата коалиција победи, тоа беше судот на јавноста, а судот на јавноста за ваквиот СДСМ владеачки и олигархиски беше што доби околу 200 илјади гласови од 500 илјади кои што ги имаа во 2002 година. Убедливо најлош резултат во 16 години постоење на независната македонска држава. Значи, овие обвинувања ги видовме, ги слушнавме, граѓаните го дадоа својот суд.

Кога сме веќе и кај личниот суд за кажаното од претходниот дискутант, мислам дека тоа можеа да го оценат и граѓаните во тетовскиот регион каде што од една победа која што своевремено беше 3:1 па дури и 4:1 во однос на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ се случи во Тетово и да победи ВМРО-ДПМНЕ и околните места.

На крајот, кога сме веќе кај становите, јас неколку работи би го прашал претходниот дискутант, а тоа е колку станови има, која е нивната вредност, колку пари има позајмувано и едноставно на кој начин се стекнати тие станови, која е нивната вредност? Знаеме дека пратеничката плата е околу 1000 евра и откако е пратеник Јани Макрадули, на кој начин има стекнувано имот? Значи, дали има позајмено од некого 50-тина илјади евра, дали за стан кој што пазарно вреди 90 илјди евра се има проценето на 75 илјади евра за да евентуално се плати понизок данок и тн.

Дали сето тоа е вистина? И на крајот на краиштата не гледам зошто волку би имало нервоза во СДСМ околу предложените кандидати, исто така и во однос на господинот Маневски, затоа што видовме што се случуваше во македонското општество и гледаме огромна нервоза. Дали е можеби причина за нервозата аферата Бачило, дали е причина за нервозата можеби отварањето на сета онаа афера што ја имаме со државното земјиште и сите оние работи кои што ги гледаме. Значи, имаме голема нервоза кај СДСМ и кај луѓето кои што ја урнаа македонската економија и кај луѓето кои што направија Македонија да биде на 103 место според корупцијата.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика, Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе. Оваа реплика се однесуваше, една митингашка, мислам не се однесуваше на делот од мојот говор. Не знам според кои резултати, или на кои резултати се повикува во изборната единица 6 СДСМ и коалиционите партнери го победи ВМРО-ДПМНЕ со две до три илјади гласа разлика. А мислев дека господинот Ѓорчев има желба да биде пратеник, но тој очигледно сака да го наследи господинот Маневски во Комисијата за спречување на корупцијата.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе, слушајќи го колегата Макрадули, бидејќи и тој и јас сме од претходниот состав на Парламентот, некако ми заличи како да сме мај месец, или март месец оваа година, а не сега. Изгледа заборвил дека во меѓувреме се одржаа избори на 5 јули на кои што граѓаните јасно ја оценија политиката на СДСМ на неговата Влада и на Владата на партијата на господинот Макрадули. Така што после ваков тежок пораз и после вака срамно загубени избори со ваква регорика да се излегува и да се зборува, навистина треба да се нема чувство ниту за време, ниту за простор, ниту за политички осет.

Сега нешто конкретно. Значи, беше спомнато на два пати од господинот Макрадули дека некои од кандидатите за министри немаат високо образование, односно имаат средно образование, четворица дури беа спомнати без имиња и беа спомнати нискоразредни колеџи. Ако високото образование е стекнато во земјите на Европската унија за господинот Макрадули и СДСМ е несоодветно, тогаш еве до него еден предлог, неговата партија и пратеничка група нека даде иницијатива да упатиме нота до земјите на ЕУ дека ние како Република Македонија со толку високо и софистицирано и усогласено високо образование и систем на високо образование нема да ги признаваме дипломите од универзитетите кои што се во земјите на ЕУ. Околу тоа толку.

А околу становите и нивната распродажба за десетина дена точно ќе знаеме колку станови од еден исто така минситер од нивната коалиција што овде на говорница мафташе и прозиваше и викаше дека буквално се распродадени во безценетост. Инаку, за десетина дена точно ќе ги знаеме и бројките и имињата, па после ќе расправаме за тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Сите дами овде ќе потврдат дека нема поужасно нешто од вчерашната мода. Ве молам, да говориме за завчера, или за утре, или за дене. Вчерашната мода оставете ја, нема никаков ефект.

За реплика се јави Љубисав Иванов-Ѕинго.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Да не сфати Макрадули дека мојава реплика е лична спрема него. Јас му простив тоа што рече дека нема да ми даде столче во Парламентот. Па вие знаете, јас тогаш донесов едно столче со три ногарки. Така што го заборавив тоа и не сакам тоа да биде како причина.

Втора работа на која што сакам да укажам дека личните дисквалификации, навреди, измислувања се многу непродуктивни. Тоа често пати е типично за нас македонците. Јас до скоро мислев дека ние македонците сме народ кој најмногу се "јаде" меѓу себе. Меѓутоа, имав прилика да прочитам дека науката открила дека ајкулите почнуваат да се јадат уште во утробата на мајката. Ајде да престанеме, да го измениме тој наш обичај и да станеме полека културна нација, Парламент исто така парламентарен. И во вакви прилики и јас сум зборувал и кога сум бил во опозиција, па и кога навидум бев во позиција. Меѓутоа, мене ми одговара кога во таква ситуација ќе дојде до предлози за надминување на одредени проблеми. Навредите, дисквалификациите не водат кон ништо.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе чисто технички за да немаме вакви проблеми во одржувањето на оваа седница би било добро после секоја дискусија оние кои што се јавуваат за реплики да бидат пријавени. Тоа не е пракса, туку тоа е процедура, тоа е така по Деловникот. за да не отпосле некој на реплика дава реплика, па трета реплика и безконечно. Би било добро уште на самиот почеток оние кои што се пријавуваат за реплики да се знаат за да може седницата добро да се одвива. Ова не го сфаќајте поинаку освен едно укажување како седницата да ни биде подобра.

Почитувани колеги пратеници, почитувани кандидати за министри на новата Влада, почитувани министри на досегашната Влада која што сеуште е актуелна, дозволете ми на почетокот со оглед на тоа што ова е мое прво излегување во овој состав да и честитам на коалицијата која што победи на парламентарните избори во Република Македонија и да си посакаме сите задничка среќа и успех бидејќи успехот на Република Македонија е од интерес за сите. Но, истовремено дозволете ми да искажам благодарност и за жал тоа требаше да го направи

мандатарот на оваа Влада заради една почит кон работата на досегашната Влада, бидејќи таа Влада со сите свои предности или недостатоци е Влада која што во 2002 година наследи една ситуација во која што Македонија штотуку беше излезена од една конфликтна ситуација. И тие придонеси и успеси никој не може да ги негира. Заради успехот на таа Влада денес можеме да зборуваме за други теми.

Оваа новопредложена Влада е петта Влада во изборните циклуси за парламентарните избори во Република Македонија до сега. И мора да си кажеме дека таа е Влада која што има најдобра стартна основа во Република Македонија во изминативе 15 години. Дозволете ми само да потсетам со неколку реченици зошто велам најдобра стартна основа. Владите кои што беа бирани во 1990 и 1994 година беа во едно време кога се распаѓаше една поранешна држава во која што живеевме и се соочуваа со најголемиот проблем создавањето на самостојна независна Република Македонија и сите тешкотии кои што со тоа ги пратеа. Владата која што беше во 1998 година избрана од страна на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА тогаш исто така беше една Влада која што беше пред предизвик заради тоа што требаше прв пат да се покаже како ќе функционираат две партии со крајно дијаметрално спротивни приоди кон решавање на националното прашање во Република Македонија. Таа Влада заврши така како што заврши со немилите случувања во 2001 година. Владата во 2002 година на самиот свој старт беше оптеретена со последиците од конфликтот во Република Македонија. А оваа Влада која што сега стартува, велам дека има најдобра стартна основа бидејќи стартува без никакви поголеми политички проблеми во Република Македонија. Напротив, стартува во еден стабилен момент за Република Македонија и само од нејзиното работење ќе зависи и нивниот успех. Стартуваат без било каков проблем на политички план во Република Македонија освен ако самите во своето работење не го продуцираат било кој проблем.

Либерално демократската партија нема да ја поддржи оваа Влада, не заради тоа што едноставно сме како политичка партија во опозиција, туку заради принципот и идеолошката припадност при формирањето на оваа Влада, идеолошката припадност на политичките партии кои што се во оваа Влада. Дозволете ми ова да го кажам, да го поткрепам со неколку аргументи.

Прво е композицијата на новата владина коалиција, коалиција од крајно десни, социјалдемократски ултралевичарски од една страна и од друга страна национална партија која се изјаснува барем до сега против унитарноста на Република Македонија, така што ова не ни дава за право да веруваме во успех на претстојната Влада. Оваа Влада уште на самиот почеток треба да одговори на неколку прашања, дали е постигнат договор внатре во коалицијата? Тоа е прво прашање, го спомена господинот Макрадули. Многу брзо, уште на самиот старт, она за што не критикувавте го заборавивте, не го гледам ниту напоменат, а камо ли одреден рокот за ставот по однос на пршањето на стечајците. Тоа беше заложба на Новата Социјал-демократска партија, на Демократската обнова на Македонија и на други партии кои на поддржуваат Владата.

Едно од важните прашања кое мислам дека и денекска господинот Груевски како мандатар треба да го одговори не на Парламентот, туку на македонската јавност, тоа е прашањето дали конечно е расчистено прашањето, внатре во коалицијата, помеѓу Демократската партија на Албанците и господинот Џафери од една страна и останатите коалициони партнери односно дали ДПА и Џафери отстапуваат од нивниот став дека Македонија повеќе не може да опстане како унитарна држава. Македонската јавност го заслужува тој одговор и дека мандатарот и останатите коалициони партнери тоа треба да го изнесат на денешната седница.

Следното прашање е силното влијание на левицата во оваа Влада . Морам да ви кажам нашата загриженост по однос на ова прашање со доминантната улога на левицата во новата Влада и стравот едноставно да не ни се врати периодот пред 90-тата година . Оваа Влада ќе ја раководат, ќе влијаат луѓето кои битно одлучувале пред 90-тата година или лично семејствата на тие луѓе припадници на тогашните најконзервативни струи во Република Македонија.

На крајот, кога зборуваме за композицијата на новата владина коалиција уште на самиот старт во текот на вчерашниот ден имаме две дијаметрално спротивставени изјави. Едната е на господинот Груевски кој вели при потпишувањето на Економскиот манифест дека Владата ќе има напорна, макотрпна работа и резултатите ќе доаѓаат многу споро, со што со него во потполност се согласувам. Но, веднаш после тоа ја имате изјавата на господинот Петковски како коалиционен партнер кој вели дека резултатите ќе дојдат многу брзо и промените ќе бидат многу брзи.

Самото тоа на самиот старт покажува за нелогичноста во самата коалиција.

Вториот аргумент и нашето гласање на ЛДП против оваа Влада е што во Програмата на мандатарот членството во Европската Унија и НАТО беа како врвен национален интерес на Република Македонија на последното место. Ме радува што денес во експозето на мандатарот битно е променет тој став и навистина е даден оној приоритет кој треба да го имаат како наш национален интерес.

Третата работа зошто оваа Влада не ја поддржуваме и високата доза и пренагласеност на персонална, а не државна политика. Во изминатите 15 години таквиот пристап се покажа во Република Македонија дека не дава резултати.

На крајот четвртиот аргумент, да не ме сватите погрешно "незрелоста " на оваа Влада не заради младоста која е од страна на кандидатите за

министри, туку заради немањето искуство во своето работење, со чест на посебни искучоци кои во изминатиот период биле докажани во својата работа и својата активност.

Би се задржал на две работи кои се изнесени и во Програмата на мандатарот, а и денеска беа изнесени во неговото експозе, а тоа е прашањето на корупцијата и прашањето на економијата. Со оглед на тоа што и самиот мандатар рече дека тие се приоритет за новата Влада.

Почитуван господине мандатар, од ЛДП ја имате целосната поддршка во борбата против корупцијата. Но, има еден услов. Тоа да го направите во првите два до три месеци. Да ги разрешите сите бачила во Република Македонија, да ги разрешите сите злоупотреби кои ги направиле функционери од било која политичка партија иако ги има и од нашата ЛДП иако ни еден од нашите министри не бил спомнат во досегашните афери, но ние од ЛДП ве поддржуваме во рок од три месеци сите овие случаеви да ги разрешите, инаку пробивање на тој рок значи дека се занимавате со политиканство кое ќе биде само игра во наредниот период. Тоа да го разрешите да имате краен епилог, да има одговорни личности во Република Македонија некој да одговара затоа што никој не може да се крие зад одредена политичка партија. Јас и во изминатиот период зборував не членовите на ВМРО-ДПМНЕ се лопови, поединци кои беа на функции и во оваа Влада која е сега и овие носители на функции не може политичките партии да ја сносат одговорноста. Ако некој се огрешил од Законот, ја имате целосната поддршка од ЛДП во рок од три месеци тоа да го разрешите. Доколку не го разрешите, тогаш сметам дека вие го изгубивте чекорот во борбата со корупцијата.

Втора работа која треба да ја направите и ќе ја имате поддршката во борба против корупцијата можат да бидат само оние носители на функции со морал и кредибилитет. Гледајќи го вашиот состав на новата Влада првото прашање кое ќе треба да се разјасни и на нас и на македонската јавност е дел од вашите членови на новопредложената Влада произлегуваат од семејства кои значително се збогатиле во транзициониот период. Тоа не е никаков проблем, но ќе мора, за да имате кредибилитет да излезете јавно-начинот на кој ги стекнале тие богатства . Не може ако некој бил директор три-четири години во одредена фирма денеска да располага со огромно богатсво. Или некој со плата во судството од 20.000 денари денеска да има богатство кое се цени со милиони евра. Тоа е првото прашање.

Втората работа која треба да ја направите , како сакате од коалицијата што ја поддржува Владата сватете не, но јас ова го велам најдобронамерно, ќе мора да расчистите вие господине мандатар со две работи. Тоа е прашањето за кое постојано бевте повикувани за становите и прашањето за Експорт-Импорт банка. Тој товар ќе мора да го тргнете од вас. Не е проблем некој денеска да има два три стана. Јас ќе повторам не е проблем, времето е такво има луѓе способни да заработат. Секој ден гледаме берза , разни акции и оној што е способен може да заработи. Не е во тоа проблемот, но проблем е да се докаже начинот на кој се стекнати тие средства и дали се платени давачките при стекнувањето на тие финансиски средства. Вие бевте министер за финансии, очекував во минатиот мандат да ви го кажам, но немав прилика овде да се сретнеме. Да кажете заради вас тој товар да го симнете од вас и да докажете дека тие средства се стекнати на валиден, на законски начин со платени давачки како персонален данок.

Втората работа, вие знаете, неколку пати разговаравме за Експорт-Импорт банката и вашето спомнување на името и фактите дека во тој период од Бирото за стокови резерви кое било под ингеренции на Министерството за финансии изгубени се 10.000.000 евра. Тоа прашање мора да се разреши, да има епилог за да не биде товар и за да може да ви веруваме дека ќе се борите против корупцијата.

Вториот дел, како што напоменав, тоа е прашањето околу економијата. Навистина и од изјавите кои деновиве ги слушав од лидерите на партиите на кои припаѓаат, односно коалицијата која ја поддржува новата Влада, а и од самото споредување на Програмата на ВМРО-ДП0МНЕ и програмите на останатите политички партии, Програмата на мандатарот и експозето ќе се забележат многу разлики и спротивставености една од друга од претходниот ден. Мора да стартот да се дефинира и да се одговори на прашањето кој ќе биде доминантниот правец на движење на економијата во Република Македонија. Од една страна дали тоа ќе биде идеологијата на НСДП, Социјалистичката партија каде се залагаат за пренагласена улога на државата или ќе биде идеологијата на ВМРО-ДПМНЕ, ЛП каде и онака му даваат прв приоритет на законитостите на пазарот. Уште повеќе што и во изборниот период и во периодот додека се составува новата Влада ВМРО-ДПМНЕ и мандатарот упорно ја убедуваа македонската јавност дека се тие кои ќе раководат со економијата во Република Македонија. Ако погледате денеска од економските ресори освен Министерството за финансии кое го има ВМРО-ДПМНЕ, земјоделие-Социјалистичка партија, економија НСДП, труд и социјална политика-ЛП, самото тоа зборува уште на стартот ВМРО-ДПМНЕ се откажува од економските ресори. Се поставува отворено прашањето или ВМРО-ДПМНЕ не верува во Програмата која ја имаше зацртано или нема кадри за да ја спроведе таа програма во економскиот сектор или она што е најлошото, што јас мислам не дај боже да им се случи, а тоа е уште на самиот почеток ВМРО-ДПМНЕ и мандатарот сакаат да си создадат алиби за неуспехот на својата економска програма и тој неуспех ќе го сносат овие три политички партии кои ќе ги раководат овие економски сектори.

Ние како ЛДП, господине мандатар, ќе го поддржиме секој закон кој ќе го имате предложено во правец на подобрување на економијата во Република Македонија. Посебно ќе ги поддржиме сите закони  кои ќе ги предложите за намалување на давачките на даноците во Република Македонија. Но притоа при секој ваш предлог ќе мора точно  тие закони да бидат поддржни со пресметки од каде се зема, каде се дава затоа што Буџетот е систем на врзани садови. При едни такви точни пресметки верувајте секогаш ќе ја имате поддршката од ЛДП за намалување на давачките во РМ. На самиот старт малку не разочаравте. Предлагате намалување на данокот на добивка од 15 на 12%. Тоа е ништо, а ќе ви кажам зошто. Најмали се приходите од сите даноци од данокот од добивка. Самите велите дека економијата е во катастрофална ситуација . Колку се претпријатија што плаќаат данок на добивка? Затоа нашиот предолг беше и во нашата програма нула данок на добивка во РМ. За тоа има точни пресметки и нема да се одрази на Буџетот на РМ. Целосно укинетеја царината за опрема и репроматеријали. Тоа е уште еден позитивен чекор за напредок на македонската економија. Еве што ние направивме и што вие го продолжувате , а тоа е добро. Ослободување од данокот од добивка за реинвестираната добивка. Во 2003 година по предлог на тогашниот министер од ЛДП беше предложено прво беше на една граница, не се сеќавам точно на сумата за која беа ослободени стопанските субјекти, а имаше уште една измена за која имаше уште поголемо ослободување. Тоа е добро и ве поддржуваме целосно да ја реализирате таа работа.

Но, она што не го предвидувате во вашата програма, а треба да го направите е да ги намалите придонесите од платите. Тоа е едно од најголемите оптоварувања ако сметате на вистински суштински измени во даночната сфера, а не со камуфлажа, извинете на изразот, да се предизвикувам дојам дека се менува нешто во даночната сфера.

Што е тоа што во вашата програма и во вашето денешно експозе уште на самиот старт уште не формирана Владата го одбегнувате или се откажувате од она што го имавте во изборната програма во овие изминати четири години. Тоа е квантификација на категориите односно поимите кои ги споменувате. Не може сега кога изборите се завршени да ги избегнувате сите оние бројки кои ги спомнувавте во предизборната кампања , во овие изминати четири години ,а сега да не ги кажувате. Ќе ви напоменам само неколку работи. Сега зборувате дека ќе има субвенции во земјоделието, тоа е добро, но никаде не зборувате колку ќе бидат со тоа дека ќе се зголемеле во однос на постојните. Ќе ве потсетам, има некои колеги пратеници од претходниот состав, не велевте дека ќе има субвенции, туку рековте дека пченицата никогаш не смее да биде поевтина од 13 денари. Тоа треба да го ставите во вашата програма. Не велевте ништо дека треба за грозјето, туку треба пет денари премија за килограм грозје, овде во оваа сала . Е, сега треба овде да го ставите во оваа Програма, а не да ги избегнувате бројките. Не велевте ништо друго, туку велевте дека тутунот треба да има 50 денари по кгр. премија сега тоа го немате во вашата програма.

На крајот, не велевте ништо друго , туку велевте дека ќе има целосен откуп на земјоделските производи, дека ќе формирате агенција за извоз на земјоделски производи, а кога деновиве читав што е таа, затоа велам имате влијание од периодот пред 1990 година, ме потсети, иако сум релативно млад, имаше една организација која се викаше ЗЗПК  на Македонија. Тогашниот ЦК-СКМ ја формира и донесе еден добар агроном-човек од Битола за на крајот да му ја уништат неговата кариера само заради тоа што сите тие комбинати кои ги поврзаа си имаа свое дејствување. И на тој начин сметам дека нема ништо да придонесете. Затоа во вашата програма кажете , наместо да велите дека ќе ја намалите невработеноста декларативно онака како што милувате кажете која е стапката на невработеност која вие секоја година ќе ја намалувате. Од денес па натаму успехот на оваа Влада ќе се цени по тоа дали Македонија ќе достигне 4.000.000.000 долари извоз односно дали  ќе успеете да го дуплирате извозот на производи на РМ како што успеа претходната Влада да го дуплира. Тогаш ќе можеме да зборуваме за успех.

Успехот на оваа Влада ќе се цени дали благајничките записи ќе ја задржат оваа ниска каматна стапка или ќе се врати повторно на она кога беше господинот Груевски министер за финансии на 17-18%.

Оваа Влaдда ќе биде успешна ако постигне цена на пченицата 13 денари, ако тутунот, како што велевте досега, биде преку 250 денари просечна цена по килограм, сето она што го зборувавте во изминатите четири години, ако го исполните.

На крајот би завршил успехот на оваа Влада, дами и господа, ќе зависи од вас. Во вас се сите полуги на одлучување. Во вас се сите механизми за донесување на одлуки за спроведување на закони . Повторувам уште денес постојано ќе ви укажувам и најмал начин да барате оправдување за вашиот неуспех немате затоа што ја имате најдобрата стартна основа од изминатите 15 години во РМ. и заради тоа што никој не ви е виновен ако настапивте со толку амбициозна програма и уште денеска на стартот да ја откажувате. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:**  За реплика е пријавен господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:**  Почитуван претседателе, добро го слушав колегата Слободан Најдовски, верувајте ние сме од претходниот состав, навистина го почитувам, тој е човек кој секогаш знаел добро да каже, навистина квалитетно. Меѓутоа, неговата дискусија во однос на изборот на Владата ја сфатив во два правци и би бил задоволен ако во тоа ме демантира колегата Најдовски.

Вие шест пати спомнавте дека ќе дадете поддршка на оваа Влада, во вашето излагање. Точно ги набројав. Од тука ги влечам двете поенти.

Според мене, можеби лошо разбрав, најголемиот хендикеп на оваа Влада е што покрај левата и десната, што вие и претходникот ја најавува, постои во една ваква Влада, во една ваква ситуација, ве нема вас како централна партија, Либерално-демократска партија. Значи, тоа е најголемиот хендикеп, така ве разбрав, а вие треба да ме исправите.

Од друга страна, дали тоа што шест пати повторивте дека давате поддршка во првите сто дена на оваа Влада значи дека петте пратеници, мислам дека се пет на ЛДП ќе гласаат за оваа Влада. И, немојте господине Најдовски, навистина ве почитувам да критикувате вие некои ретроградни конзервативни сили. Па, вие сте политичар и од тој и од овој систем, верувајте, па затоа добро говорите од говорницата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Најдовски контра реплика, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине Атанасовски да, точно е, јас сум од тоа време и последните години од тоа време, од 1988 до 1990 година во името на тогашната Младинска организација на Република Македонија, борејќи се токму против тие струи кои што беа од тој систем во Република Македонија, затоа се плашам дека повторно можат да се вратат. Тоа е првото што ви го кажувам.

Втора работа, велите дека повторив дека сме давале поддршка. Да, за две работи кажав дека даваме поддршка. Тоа е во борбата против корупција и намалувањето на даноците во Република Македонија. Но, во борбата против корупцијата, доколку во рок од три месеци ги разреши сите афери во Република Македонија.

Тоа е нашата поддршка, а уште на самиот старт кажав дека ќе гласаме против оваа Влада.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, времето истече.

Повелете господине Матоши, имате збор.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседател,

Сакам да реплицирам на едно прашање што го постави господинот Најдовски во однос на спомнувањето на нашиот претседател, каква спогодба има направено мандатарот.

Секогаш се подготвени да ги злоупотребат изјавите на господинот Џафери, а што се однесува до спогодбата на господинот мандатар со Џафери, јас ќе одговорам во неколку точки.

Сигурно дека господинот Џафери има спогодба со мандатарот, но тоа е спогодба што е спротивно на она што го правеше СДСМ со ДУИ, во текот на изминатите четири години. Сигурно е дека ние направивме, постигнавме спогодба криминалноста во албанското општество го направи ДУИ во текот на изминатите четири години ќе се обидеме да го отстраниме, а општеството и албанската младина да ја направиме да бидат дел од позитивните развојни политики а не оние негативни, што ги направија претходните, што ги спомнав во текот на претходните четири години.

Сакам да му спомнам на господинот Најдовски дека Тетово беше во Агендата од 2004 година како место најкриминализирано во Европа. Во текот на таа година, според една статистика што е направена Тетово беше место каде што беа убиени најголем број млади луѓе, но имаше и најголем број криминални дела што ги стимулирала таа влада.

Господинот Џафери и господинот Груевски се спогодиле повеќе да не развиваат такви универзитети со непотизам и дилетантни кадри или пак со спојување на универзитети каде што не се гледа перспектива, каде што своја перспектива не гледаат Албанците во Македонија. Се разбира, ние сме се спогодиле за голем број политики, а се разбира вие имавте негативни развојни политики.

Само едно прашање господине Најдовски, со голема иронија спомнавте дека: ти беше или вие бевте потпретседател на Парламентот. Денеска, на овие слушалки немаме ние превод на албански јазик. Тоа е последица на политиката што ја водевте вие заедно со ДУИ како политички структури, што на ниту еден начин не промовиравте вредности што ќе бидат позитивни за општиот развој и тн. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има контра реплика господинот Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине Матоши,

Што се однесува најголем дел од вашата дискусија, воопшто за тоа не дискутирав, туку јас ги повикав господинот Груевски и господинот Џафери да соопштат на македонската јавност дали е надмината или, како сакате дали има одговор на прашањето дали и понатаму останувате на ставот на господинот Џафери дека Македонија не може да опстане како унитарна држава?

А, по однос на прашањето за тоа што зборувавте сега, за јазиците, еве сега имате нова коалициона влада, согласно Охридскиот договор, согласно вашите постигнати договори внатре, во коалицијата, предложете закон за употреба на јазиците, па ќе расправаме овде во овој Парламент.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Тито Петковски има збор.

(Господинот Бучковски бара збор процедурално).

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе,

По првата дискусија на пратеникот Јани Макрадули, пратеникот Најдовски побара да воспоставиме некаков ред во овој Парламент.

Значи, редот на нештата налага дека оние кои се заинтересирани за реплика треба веднаш да се јават после дискусијата. Во овој момент се јави само еден. Дополнително гледам се аплицираше

господинот Трајанов, сега Петковски, господинот Александар. Вака ќе одиме до недоглед.

Ве молам, при следната дискусија да побарате, бидејќи тоа не може да го направи техниката, да видиме коллкумина сакаат да реплицираат, за да има некаков ред. Инаку вака, реално, сега има дополнителна инспирација. Во овој момент не треба никој да реплицира, затоа што, за волја на вистината само господинот Ружди Матоши побара реплика. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот е прифатлив, иако во овој случај се работи за тоа што тие се пријавија. Но, при првата реплика ќе воведеме ред, тоа е развој на дијалог, бидејќи некој не знаев дека ќе побара на време. И не знаев дека ќе побара контра реплика. Така што, тешко може, но ќе се обидеме да направиме се најдобро.

Молам, има збор господинот Тито Петковски.

**Владо Бучковски:**Може ли да знаеме колку се има пријавено за реплика?

**Љубиша Георгиевски:** Тројца се пријавени.

**Владо Бучковски:** Да знаеме дека се нема пријавено никој друг.

**Тито Петковски:** Господине претседателе,

За волја на вистината, можете да проверите денеска техниката тоа го овозможува, јас се пријавив за реплика во моментот на дискусијата на господинот Најдовски. Таа уште не беше завршена. Луѓето околу себе, тоа го видоа.

Но, тоа не е најбитно. Најбитно од се е што водиме непотребна, стерилна, одвишна дискусија. Тоа што имавме да си кажеме како политички парти си кажавме за изборите. Многу тазе е работата зад нас, нема ни месец дена.

Ако е тоа така, зошто тогаш ја оспоруваме волјата на граѓаните? Сите ние сме овде како резултат на нивната волја. Сега да ги убедуваме граѓаните дека погрешиле што дале доверба на ВМРО-ДПМНЕ и другите политички партии а не дале на СДСМ, мислам дека е безпредметно. Никогаш не сум учествувал во дискусија кога се бирала влада, а сум пратеник од почетокот на повеќепартискиот Парламент на Македонија. Од секогаш сум сметал дека тоа не е потребно.

Ова треба да биде само чин што треба да биде само примопредавање на Владата, да си честитаме, да си посакаме успех, бидејќи сите овде сме во името на граѓаните на Република Македонија. И, ништо повеќем.

А, сега ова, мислам дека е понижување на граѓаните да им кажиме колку тие грешат што не гласале за нас.

Второ, чудењето на господинот Најдовски како можат во Македонија да функционираат леви и десни политички партии, онака како што функционираше до сега коалцијата меѓу ЛДП и СДС. СДСМ во својата суштина на своето делување имаа влијание на државата во економските токови а либерал-демократите или либералите апсолутизација на пазарот, ја исклучуваат државата. Претпоставувам дека вас како и нас не споил државниот интерес, па да бидеме заедно во една коалициона влада.

Што е лево, а што е десно, тоа е измешано денеска и во Европа, а во Македонија не е можно да се прави еднопартиска влада. Ние тргнавме од тоа дека сите политички партии, има една доминантна или стожерна партија околу која објективно сите политички програми на другите политички партии треба да се прилагодат. Тоа е резултат на ова што ние денеска го имаме. Така функционираше Македонија коалиционо во сите 15 години наназад.

Трето, бидејќи јас се пријавив за дискусија ова ми беше само реплика а многу време немам, ќе наведам сосема брзо, навреда е за овие млади луѓе да се потсетуваат дека тие се виновни што се родители на некои луѓе кои се бавеле со функција во изминатиот систем. Тешка навреда. За сите нив, бидејќи вие кажувате дека во секој случај не е битно што мисли човекот, туку на кого припаѓа кој му е татко. Претпоставувам дека тоа не е во ред. За другото, во моментот кога ќе добијам право да дискутирам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пред да и дадам збор на госпоѓата Младеновска Ѓорѓиевска, би сакал да предложам да се договориме уште од сега да работиме и после 17,00 часот, затоа што листата на пријавени ако ве интересира се приближува до 30. По 10 минути, тоа е 300 минути и тн. Да се согласиме да работиме и после 17,00 часот, тоа е мојот предлог.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 50, за гласале 50, воздржани нема, против нема.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака?

(Пратениците криваат рака)

Дали има воздржани? (Еден пратеник крева рака)

Кој е против? (Никој)

За предлогот вкупно гласале 51 пратеник, против нема никој, еден има воздржан, но да го утврдиме претходно бројот сепак.

Молам, службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници)

83 пратеници се присутни во салата, тоа значи дека предлогот е усвоен.

Повелете, збор има госпоѓа Младеновска-Ѓорѓиевска.

(Пратеникот Слободан Најдовски бара да му се овозможи правото на контра реплика)

Повелете господине Најдовски, се извинувам.

**Слободан Најдовски:** Се извинувам господине претседателе, но со оглед на тоа што беа изнесени некои квалификации од господинот Петковски,ќе морам да му одговорам.

Со ниту еден збор не покажав дека не ја почитувам волјата на граѓаните искажани на парламентарните избори. Напротив, господине Петковски, уште на самиот почеток јас им честитав на партиите кои победија на парламентарните избори.

Втора работа, околу тоа што не советувате да не зборуваме, па добро, нас така не дал можеби Бог да зборуваме. 15 години, еве јас, мене ми е деветти Парламент и сакам да зборувам. Не можам 15 години да седам во овој Парламент и да не зборувам и да не се изјаснувам по важни политички прашања во Република Македонија, а на крајот да барам виновници кај други.

На крајот, трета работа, не навредив ниту еден од кандидатите за министри, посебно не од помладите заради нивното семејство. Реков дека треба, токму заради нивниот интегритет да кажам на кој начин нивните семејства во овој транзиционен период толку се збогатиле. Гледате ли нешто лошо во тоа? Или, се ќе пуштиме под тепих? За жал јас не сум таков.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Мери Младеновска повелете со мое извинување.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседател на Собреанието, почитувани пратеници, кандидати за министри, дами и господа,

Сите ние денес имаме чест да присуствуваме на седницата на Собранието на Република Македонија на која се избира 11-тата по ред Влада во самостојна и независна Македонија.Голема е честа за нас пратениците, но уште поголема е одговорноста пред граѓаните кому овој Парламент ќе ја даде довербата да ја води Владата.

Ние, како претставници на граѓаните, сме заинтересирани да избереме Влада што ќе работи на развојот на државата во сите сфери. Природно е граѓаните, а и ние како пратеници да посакуваме секоја наредна влада да биде подобра од претходната и верувам дека сите би биле задоволни од такви тенденции. Но, за жал, имаме и инакви искуства, исполнети со чувство на незадоволство, горчина. Токму затоа имаме право да стравуваме да не ни се повторат лошите искуства.

Предложената Програма за работа на Владата секако дека има големо значење во градењето на ставовите и прогнозите за успехот или неуспехот на Владата, од едноставна причина што само со јасна визија, со изграден концепт може да постои и успешна реализација.

Предлогот на мандатарот, насловен како Програма за работа на Владата, за жал може да кажеме дека нема јасна идеја, дека нема концепт и визија, туку во голема мера претставува препис на изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ "За преродба во сто чекори". Да постои одредена разлика. Тоа е бројот на страниците. Некаде од стотина, смален е на 37, што оваа Програма ја прави уште понејасна и методолошки несредена.

Да тргнеме од поставените приоритети. Кандидатот за претседател на Владата уште пред да почнат изборите, кога и се самопрогласи за иден премиер,успешно ја почувствува желбата на граѓаните и прашањето што е во фокусот на вниманието на граѓаните на Република Македонија, а тоа е економијата, па токму затоа верувам и во програмата, за текот на изборите, а и во оваа програма големо значење е дадено на прашањето на економијата, на прашањата поврзани со економијата.

Но, не само затоа што сум правник, туку затоа што така налагаат принципите во правната држава, јас го оправдувам тој став економијата да се развива, но не се согласувам со тоа дека развојот на економијата може да постои ако другите сфери се занемарат. Тука го поставувам прашањето на правото, правната држава, принципите на владеење на правото, токму затоа што правото е составен дел на државата. Од кога постои држава постои и право.

Се надоврзуваат и прашањата поврзани со други приоритети кои се наведени во оваа програма, а тоа се прашањата за Евроинтеграција и Нато интеграција, што на постојната Влада беа стратешки приоритети, а имавме многу приоритетни цели и иницијативи кои овозможуваа остварување на овие стратешки приоритети. Но, само да потсетиме.

Без оглед на тоа што во денешното експозе мандатарот вели дека е приоритет интеграцијата во ЕУ и дека тие го давале максималниот придонес во остварување на оваа стратешка цел, да потсетам како беше во изминатите месеци и години кога во овој Парламент со денови се расправаше за прашања поврзани со Евроинтеграцијата. Ќе ги спомнам уставните амандмани, уставните измени чија реализација во претходниот состав на парламентот во голема мера придонесе и за кандидатскиот статус на Република Македонија за членство во ЕУ. Тогаш пратениците од партиите кои се во денешната коалиција која ја составува Владата гласаа негативно, други пратеници исто така не беа присутни, кои се дел од партиите кои ја сочинуваат постојната коалиција. Тоа не смееме да го заборавиме, не затоа што е погрешно, туку заради тоа што не е во интерес на државата. Повеќе ќе му веруваме на мандаторот ако ги признае понекогаш и грешките што се правени во Парламентот, од страна на пратеници од партијата чиј член е и чиј претседател е, отколку да настојува да ни прикажува погрешни информации, од оние што се реалност.

Ќе ги спомнам и другите проекти и прашања поврзани со реформата на судството затоа што од предложената програма, навистина покрај голото залагање за евроинтеграција и за НАТО

интеграција и спомнувањето само на прашањето за реформа на судството, не гледаме ништо друго. Токму затоа ќе ја искористам можноста да прочитам и некои делови од програмата, посветени на оваа сфера каде се дава преглед на активности што се предвидуваат за реформа на судскиот систем.

Воедно од таксативните набројувања стои балансирање на брзината на судските постапки и исполнување на услови за фер судење.

Не можам поинаку да ја протолкувам оваа реченица отколку можност да се продолжи во иднина, или да се врати во иднина интенцијата на извршната власт да влијае во судството. Не знам што би значело тоа балансирање на брзината на судските постапки, ако знаеме дека залагањето на Република Македонија во изминатиот период беше јакнење на независноста на судството, зголемување на ефикасноста. Тоа го толкувам само како враќање назад.

Се наведуваат многу прашања поврзани со специјализација на судови, судии, потоа едукација на судиите, оценки за судиите, зголемување на капацитетот на судии, ќе се организираат стручни одлуки за областа за која треба да се специјализираат, да се спречи оддолговлекување на судскиот процес, па на едно друго место во програмата што е надвор од делот за реформи на судскиот систем, се набројуваат прашања поврзани со некои проекти и закони кои веќе не постојат, како што е на пример цитирање на Закон за претпријатија, а оддамна во Република Македонија имаме Закон за трговски друштва и многу други прашања. Потоа се наведува желбата за решавање на административни спорови преку реформирани административни процедури, алтернативно решавање на спорови, за да се заврши со предвидена обука за судии и останатите вработени за користење на компјутерската техника. За жал, можам да констатирам дека се тоа што е наведено во оваа програма покажува дека оние кои ја пишувале апсолутно не го следеле процесот што во сферата на реформите на правосудството се одвиваше во изминатиот период, бидејќи тоа веќе се сработени работи. Пратениците од претходниот мандат, сметам дека ќе имааат и доблест да го признаат ова прашање. А можеби тоа е и вештина на изготвување на програми, вештина на работа која на Владата ќе и овозможи алиби, па и под услов ништо да не сработи, да каже дека има нешто што е сработено, затоа што ова веќе е сработено, а и да направи нешто друго надвор од програмата, ќе може да каже дека е тоа дел од програмата. Токму на таков начин е напишана оваа програма.

Ќе ве потсетам дека во Република Македонија веќе има закон за Академија за обука на судии и јавни обвинители. Владата со буџетски средства изгради и опреми комплетен објект во кој е сместена Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Постои Закон за медијација кој овозможува алтернативно решавање на спорови. Има нов закон за судови, Закон за судски совет, Закон за управни спорови и за прекршоци кои овозможуваат имплементација на уставните амандмани кои значат јакнење на независната позиција на судството и зголемување на ефикасноста.

Во дел од програмата наведени се и идни активности за ажурирање на постапките кои ќе значат менување на доставата. Потоа се вели, ќе ги едуцираме судиите за примена на Законот за извршување. Почитувани патеници, тоа веќе е сработено. Овдемеѓу пратениците има и доскорешни адвокати кои се сведоци за практичната примена на Законот за парнична постапка, од почетокот на оваа година, во кој на сосема поинаков начин од досегашниот е регулирано прашањето на доставата. Имаме постапки кои се започнати на почетокот на 2006 година и веќе се правосилно завршени, што не беше случај и со претходниот период. Ќе повторам, се наведува, ќе се едуциаат судиите за спроведување на Законот за извршување. Новиот закон за извршување не го спроведуваат судиите. Значи, се работи за елементарно непознавање на она што досега е сработено. Со 26 мај функционираат нови извршители и тие го спроведуваат извршувањето и веќе имаме успех. Тоа го спомнувам за да повториме, или да направиме пресек за тоа што досега е сработено, што е старната позиција и што е тоа што треба да продолжи да го работи новата Влада. Ќе беше подобро тоа да го направеше мандаторот и тогаш ќе му верувавме повеќе. Вака ние сме доведени во ситуација да правиме пресек за да може во иднина да оцениме и да оценуваме кој што сработил, за да не се доведеме во ситуација некој друг да се кити со резултатите што ги направиле претходниците.

Почитувани пратеници не сакам лично да навлегувам во биографиите на предложените кандидати за министри но веројатно е изгубено многу време во доставување на нивните биографии, за да се наведе и последниот семинар или конференција на чие отворање биле поканети, или присуствувале, наместо со такво внимание да се пишува програмата. Секако дека не е мандаторот тој што лично ја пишува програмата и не треба, секако има и свои соработници, но ако постојано преку медиумите не информираше дека лично остварува средби со кандидатите за министри и лично ги проверува и ги оценува дали може да одговорат на обврските, требаше да им даде повеќе работа и во програмата да вгради нивни предлози за активностите во ресорот што ќе го водат. Така ќе можевме уште на стартот да си увериме дали мандатарот и како мандатарот ќе го води својот тим, а и во тоа колку министрите имаат визија за својата работа, или пак зад ова се крие нешто друго, а тоа е дека министрите, претставниците на Владата ќе бидат извршители на желбите на премиерот, па дека е тој лицето што треба да им наметне програма, а тие треба само да ја извршуаат. Да потсетам, едно е изборна програма која треба да ги аминира гласачите, а сосема

нешто друго е програма на Владата, која треб да ја остваруваат државните институции. Ова што денес го гледаме пред нас е програма на ВМРО ДПМНЕ, а коалиционите партнери покажуваат дека својата желба да учествуваат во власта е поважно од нивните програми. Ова не гарантира стабилно мнозинство, колку и да се потпишуваа манифести и слични документи. Оваа политика што претставува само список на желби и тоа не јасно наведени, немаат јасен начин на реализација, создава несигурност во оптштеството и нема долго време да уживаат поддршка на граѓаните. Токму затоа сме овде ние пратениците и да ги поддржуваме оние предлози на Владата кои ќе бидат под интерес на државата и граѓаните, но и да потсетуваме и да реагираме во ситуации кога ќе имаме предлози сосема спротивни на ова. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има некој за реплика.

За реплика се јавува госпоѓа Благородна Дулиќ.

**Блалгородна Дулиќ:** Госпоѓата Георгиевска кажа дека подпрограмата, од експозето на господинот Груевски заклучила дека извршната власт сака да се меќа во работата на судовите со тоа што ќе ги ажурирала предметите и тоа значело кршење на основните принципи во поделбата на Власта во Република Македонија.

Сакам да потсетам дека забрането е мешање на било кој од надвор во постапката при одлучувањето, во постапката при пресудувањето. Меѓутоа, не може судовите да бидат независни и да се толерираат во неработењето, во оддолговлекувањето на постапките, во злоупотребите при водењето на постапките, како постапки, што доведува до тоа да имаме многу предмети во Стразбур, за несоодветно траење на постапката пред судовите. Според тоа, она што во програмата е наведено односно што е кажано во експозето, воопшто не задира во независноста на судовите. Судиите се неззависни, меѓутоа, зависноста нивна е во врска со примената на Уставот, законите и меѓународните договори. Не може они да ги толкуваат било како и како што сакаат.

Што сакам уште понатаму да кажам?

При положба во Врховниот суд повеќе време да не функционира општата седница која е едина во Македонија формирана и е во надлежност на воедночување на судската пракса во Република Македонија, судовите да бидат оставени само на себе при одлучувањето и при толкувањето на мноштвото на закони кои меѓу себе се и доста неусогласени, се поставува прашањето како можеме да бараме и одговорност на судовите за различно толклување и различно одлучување за иста правна работа, при положба да не фуннкционира Врховниот суд во тој сегмент, а исто така го чувствува и организација на тематски советувања во примена на одделни закони.

Според тоа ова експозе треба да се сфати во таа смисла, а не дека извршната власт сака да се меша во чинот на одлучувањето при пресудувањето од страна на судовите. Молам, тоа да се има предвид и да се прави динстинкција помеѓу тие две работи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодрам.

Има реплика господинот Илија Димовски.

Повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван претседателе, слушајќи ја поранешната министерка за правда, добив впечаток дека ние живееме во некоја високо развиена западна демократија каде правниот систем функционира перфектно. Напротив, јас сакам да потсетам дека најзначајните кригики од ЕУ и од НАТО Алилјанската се токму на правосудниот систем. За тоа, секако, треба да биде свесна министерката која била надлежна за тој ресор и за тој сектор.

Само за потсетување. Програмата на мандаторот Владо Бучковски, од декември 2004 година, со која програма стана министерка и почитуваната колешка Мери Младеновска, за делот на правосудниот систем има не цела страна ипол, со фонд 14 со пророед 2. Ако мислите дека тоа е сериозно, ова што го гледате е сигурно докторска десертација.

Исто така, во насока на утврдување на тоа кој што сработил, јас би сакал да потенцирам дека веројатно за прв пат во историјата на Република Македонија, едно министерство не добива плата заедносо сите други. Значи вработените во Министерството за правда за јули месец ја немаат земено платата, заедно со сите други државни институции. Веројатно би било добро да знаеме зошто е тоа така.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контрареплика се јавува госпоѓа Мери Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Се согласувам дека сферата на судството е многу значајна и дека на прашањето на правдата, принципите на владеење на правото се дискутира многу повеќе и во најразвиените земји. Токму затоа, како земја со статус кандидат, не смееме да го запоставиме и да го занемариме ова прашање. Токму за тоа ја истакнав и мојата загриженост што кандидатот за иден премиер, постојниот мандатар, не посветува внимание на ова значајно прашање. А претходната Влада беше фокусирана на решавање на прашања поврзани со судството. Токму затоа денес имаме оценки од нашите партнери од Европа дека реформите во судството се на вистинскиот пат и тоа не само на законодавен план со изготвување и донесување на законите, туку дека и започнува успешна имплементација на тие законски проекти.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавува пратеничката Ташева Виолета.

**Виолета Ташева:** Едно мало потсетување до госпоѓата Младеновска во врска со забелешките на Европската комисија во која за споменатите реформи кажува дека тие се со многу бавен

напредок. Очигледно, последователно на имиџот што оваа Влада во заминување го остави на домашната и меѓународната сцена, како Влада која не умее да се справи со реформите и Влада која има голем степен на корумпираност. Очигледно дури не може да се справи, за најзино потсетување, кога јавноста од неа побара оставка, бидејќи во казнено поправните установи се беа случиле 17 бегства и две убиства што кажува, кога може да се справи министрот за правда со вакви случувања, тогаш кои се постигнувањата во Министерството за правда во однос на реформите, кои како обврска и како заложба ги земаме за влез во ЕУ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јавува госпоѓа Мери Младеновска-Георгиевска.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Жалам што госпоѓата пратеник веројатно прожитала некои од извештаите на Европската комисија од пред неколку години затоа што сите информации кои доаѓаат од Брисел се позитивни и најпозитивно ги оценуваат реформските процеси во сферата на правдата.

Ќе има можност и оваа Влада да ги покаже своите реформски процеси, доколку го продолжи она што веќе ние го сработивме, а направивме многу и на Законодавен план и на технички план, вклучувајќи многу проекти кои значат развој на информатичката технологија, па токму затоа за десетина дена очекуваме да биде завршен информатичкиот центар за правосудството кој ќе значи поврзување на Министерството за правда со судовите, Обвинителството, нотарите, извршителите и казнено-поправните установи. Направивме многу и во казнено поправните установи. Тие што како пратеници се овде во Парламентот, ќе имаат можности на новиот министер да му постават пратенички прашања. Во казнено поправните установи за година и половина е направено повеќе отколку за многу години вкупно, претходно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јавува господинот Тале Герамитчиоски.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван мандатар.

Се јавив за збор со цел да изнесам една дилема која што кај мене се јави внимателно читајќи го текстот на Експозето на мандатарот и Програмата која што ја има доставено до пратениците за работата на идната влада за периодот 2006-2010 година. Дилемата навистина е суштинска, би ја интересирала јавноста и не е со цел да се плука, да се омаловажува, туку целта е да се потенцира една дилема која што во јавноста доста долго и во иднина ќе биде полемизирана.

Дали идната влада планира да инсталира дисконтинуитет во работењето, или ќе ги почитува започнатите реформски процеси во повеќе сегменти и ќе продолжи да ги реализира.

Ова мое стравување почива на неколку факти кои што ќе се обидам многу кратко да ги елаборирам во еден сегмент, во делот на образованието.

Јас мислам дека со почитуваниот мандатар ќе се согласиме дека образовниот систем е доста значаен особено за неговата намера за економска преродба на земјата во 100 чекори, во кои што и тој во неколку свои наврати навел дека подигање на квалитетот на образовниот систем е и тоа како добра и исплатлива инвестиција. Навистина примерот на поголем број на европски земји кои што постигнале економско чудо, економски успеси почива и на дел на таа стратегија. Ако е тоа така тогаш читејќи го Експозето навистина останав делумно разочаран, можеби заради краткото Експозе или Програмата зошто во тие негови намери не успеав да ги пронајдам реформските процеси кои што се започнати во Република Македонија, а ќе помогнат во тие процеси.

Значи, наведени се како приоритети работи кои што веќе се направени, ќе споменам само неколку. Вие се залагате задолжителен предмет во основното образование, а тој веќе е воведен во 5-то одделение задолжителен, а 4-то одделение факултативен, причините зошто не сме се спуштиле подолу се повеќе сложни и навистина не би требало да го замарам аудиториумот во овој момент. Или, воведување, поттикнување на приватни средни училишта, универзитети со можност познати странски универзитети да отворат свои единици во Македонија. Во моментот постојат четири приватни средни училишта, постојат четири приватни универзитети во Република Македонија и бројката со интенција е да се зголеми и понатаму бидејќи законската регулатива и во средното и во високото образование овозможува приватни инвестиции во тој сегмент, се разбира со одредени правила на игра кои што се дефинирани во законите и кои што треба да поминат одредена процедура на акредитација. Тоа е реализирано и ќе се реализира и во иднина.

Но, тоа и не е толку важно, важно е што не се спомнати четири клучни реформски процеси кои што исклучително се значајни за Република Македонија.

Во делот на основното образование тоа е деветтолетката и децентрализацијата. Колку е значаен овој процес само ќе го наведам фактот што оваа учебна година од 1-ви септември ја воведуваме нултата година како една подготвителна година за деветтолетката со многу внимателно проектирање на идните процеси и постојаното следење. Значи, наведува на фактот дека во иднина треба уште поголемо внимание да се посвети на овој процес кој што е тесно поврзан со процесот на децентрализација во образованието и уште повеќе со деполитизација која што за жал во одредени средини не се почитува и можебо во некоја друга прилика со идниот премиер ќе дискутираме како некои градоначалници ја продолжуваат праксата на бескрајно, циклично повторување на политизација

и во образовниот процес, со конкретни примери на непочитување на законските одредби.

Во делот на средното образование исклучително значаен проект наречен државна матура кој што треба да стартува 2007 година според Законот. Подготовките се правени четири години и тој процес треба да започне во 2007 година. Колку е важен, колку е значаен, колку е потребно целокупното внимание на целата влада во тој процес, само ќе наведам дека Владата на Бугарија не можејќи да одговори на тој предизвик мораше да ги врати од Светската банка позајмени за тој процес. Или Словенечката Влада кој што прва успеа да го имплементира овој значаен реформски процес за малку не создавајќи поволен амбиент во јавното мислење не ја изгуби довербата при гласата. Државната матура е инструментот за контрола на квалитетот за кој што мандаторот објаснуваше во своето експозе во делот на образованието. Затоа е потребно да се обезбедат, во Прогмата што ја наведовте не постои ни збор за тоа, а потребни се значајни средства. Потребен е ангажман на огромен број на стручњаци и од Универзитетот и од универзитетите и од истакнатите педагошки работници кои ќе бидат вклучени во тој дел.

Трето, за високото образование нема ни збор освен тоа дека ќе ги поттикнувате приватните универзитети или познати брендови да инвестираат. Што е со државните универзитети? Се наоѓаат навистина во драматични околности. Ние ја прифативме Болоњската декларација, потписници сме, болоњскиот процес тече. До 2010 година потребно е да се заокружат реформите во сферата на висотоко образование. Ние понудивме закон за високо образование кој што ја регулира оваа материја и ја помина првата фаза и претпоставувам дека првиот предизвик на овој собраниски состав ќе биде да се разговара за тој дел, но државните универзитети сеуште не се спремни и далеку се од тоа да ги реализираат барањата што Европа ги има наложено во сферата на високото образование. Потребна им е не само финансиска помош, потребна им е целокупна лобистика на Владата и во наредниот период за да се успее во тој процес.

Кога сме кај високото образование и неколку прашања кои што кај мене ја предизвикаа онаа дилема која ви ја поставив во форма на прашање. Значи, дали ќе се продолжи со реализација на усвојување на Законот за високо образование во кој што ќе престојат имплементација на реформски процеси. Универзитетот треба да добие повисок правен субјективитет визави високо образовните институции, камен на сопнување и големи тензии кои што постојат кај универзитетите. На тоа прашање е одговорено во Предлогот на законскиот текст но треба да се разгледува и од идната влада и да се даде мислење.

Понатаму, морам да го поставам тоа прашање поттикнат од вашиот коалиционен партнер. Вие во текот на  усвојувањето, на конституирање на третиот државен универзитет во Тетово бевте амблок против. Дали тоа значи дека сега ќе се оди на укинување на третиот државен универзитет во Тетово имајќи го предвид она кое што господинот Ружди Матоши, ми се чини, во некоја негова реплика на еден мој колега го навести дека има вештачко спојување на два универзитети итн.

Значи, од  една страна се залагаме за приватни инвестиции во високото образование, провлекување на странски брендови, а од друга страна постојат некои опасности од создавање на некој проблематичен политички амбиент, повторна политизација и во делот на образованието, особено високото образование.

Мислам дека тие процеси ги поминавме и би било добро за Република Македонија ако повторно не се навраќаме на отворањето на Пандорината кутија.

Како резиме на сето ова искажано се надевам дека мандаторот свати зошто кај мене постои дилемата дали ќе постои континуитет или ќе се инсталира дисконтинуитет во работењето, искажување дека не било ништо направено, ништо не е започнато или она што е започнато, што е неквалитетно и ќе си го дозволиме или луксузот повторно Македонија да почнува од почеток, одново од почеток и само од почеток да се губи енергија, да се губи сила и да немаме елементарно чувство на концентрирање на силите барем на национално ниво околу некои суштински прашања.

Ова е делот на резимето, и дозволете да кажам едно свое чувство во делот на идниот владин состав. Во мојата природа не е да критикувам или да давам оценки за луѓе, за нивните компетенции кои што доволно не ги познавам, од нивните биографии евидентно е дека се компетентни, школовани луѓе, мислам дека ќе одговорат на предизвикот, но морам да ја искористам оваа ситуација да го кажам она горчливо чувство кое што постои кај сите нас и кај поголемиот дел на јавноста, а тоа е трансферот во министерските клупи на две личности, не станува збор за нивната стручност и компетентност, или за самите личности, туку за трансферот од местата од каде што се трансферирани во извршната власт. Тоа се челници на две институции кои што би требало да бидат совеста на граѓаните во контрола на работата на владата.

Во изминатиот период значи се помогнало со некоја политичка мимитрија или камелеонство, можеби се претпешки овие зборови, но такво е чувството, да се создава негативистичко расположение за се што е направено или Владата комплетно да се декларира како извор на корупција, најкоруптивен елемент во општеството и притоа од аспект на глас на народот, на глас на невладини организации кои што би требало да помогнат во конечната деполитизација на општеството, за која што сите аналитичари се согласуваат во изминатите 15 години дека сме успеале да направиме едно од најполитизираните општества на овие простори. Значи, имаме

комплетно изместување на сликата каде е политичарот и во кои институции е политичарот. Обичниот човек секогаш ќе се праша каде може да го препознае политичарот, каде е експертот, каде е оној претставник на невладини институции кои што не би требало и формално и неформално да се занимаваат со политиката и да биде непристрасен. Мислам дека таа линија се надмина и дека многу тешко ќе можеме во иднина да ги убедиме обичните граѓани каде се политичарите, каде постојат политичарите. Впрочем од тие причини на политичарите не им веруваат повеќе.

**Љубиша Георгиевски:** Молам, дали некој бара збор за реплика.

**Ружди Матоши:** Благорадам господине претседател,

Бидејќи господинот поранешен заменик министер ми го спомена името за Тетовскиот универзитет сигурно не ме разбрал добро и го презентира тоа на погрешен начин.

Ние како политичка партија, се разбира и луѓето или членската инфраструктура на нашата партија која што се занимава со образование констатирала уште порано дека Тетовскиот универзитет кој што е функционален и кој што веќе функционира е надвор од професионалните критериуми.

Во овој универзитет констатиран е непотизам кој што исклучително е нагласен почнувајќи од ректорот до кадрите на администрацијата. Во овој универзитет констатирани се и кадри за кои што не им е местото таму. Значи, има фалсификувани дипломи и има магистратури и доктората кои што не се професионални и валидни.

Друго, планирањето кое што го има направено оваа Влада со овој универзитет не е планирање кое што би било за доброто на граѓаните Албанци во Македонија. Значи, кога оваа Влада ги планираше насоките на универзитетот на Југоисточна Европа 70% од насоките кои што функционираат во Тетовскиот универзитет веќе функционираат на универзитетот на Југоисточна Европа. Значи, тоа беше едно погрешно планирање и затоа тука треба да се разјасниме, затоа што албанското општество и општеството во целина во Македонија не е заинтересирано, или пак не развива државата во правец на инсталирање на институции кои што поттикнуваат непотизам и ги трошат јавните приходи или приходите кои што доаѓаат од даночните обврзници во Македонија и ги трошат тие пари на нерационален начин. Затоа ние во оваа насока и понатаму потврдуваме дека оваа работа ќе ја развиваме, се разбира во позитивни правци нагласувајќи добро кои се тие кадри на кои што не им е местото на Тетовскиот универзитет и инсталирајќи добра методологија за работа и кадри на кои што им е местото на овој универзитет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јави г. Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Значи, треба да се пази како се користи терминот "непотизам" затоа што мислам дека во наредниот период тоа ќе биде еден израз кој што многу често ќе биде користен од сите страни.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави Оливер Дерковски.

**Оливер Дерковски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван мандатар и кандидати за состав на Новата Влада,

Накратко за дискусијата на г. Герамитчиоски. Во неговата дискусија почесто се јавуваше дилема дали ќе има или ќе нема континуитет во она што го правела претходната Влада односно неговото ресорно Министерство за образование, па се јави дилема понатаму околу Законот за високо образование итн. Јас ќе му одговорам кратко/.

Неговата дилема ќе се расчисти кога ќе дојде на дневен ред во ова Собранието Законот за високо образование и кога ќе се донесе истиот закон ќе види дали ќе продолжи во континуитет или не работењето во неговото Министерство.

Понатаму, спомена неколку работи околу децентрализацијата, која како процес е исклучително важна за Република Македонија и за понатамошното децентрализирање на власта комплетно во нашата држава. Спомена дека имаше повеќе политика од страна на некои градоначалници во нашата држава, што сметам дека е малку погрешно, затоа што политиката повеќе беше од страна на Министерството за образование, од негова страна како министер и од министерот Азис Положани. Се измешаа малку ингеренциите на Министерството за образование и на локалната самоуправа во областа на образованието, па мислам дека главни виновници за таа работа беа Министерството за образование односно Азис Положани и Тале Герамитчиоски.

Исто така во текот на мандатот на г. Тале Герамитчиоски околу континуитетот на работата на Министерството би споменал само неколку работи.

Тоа е дека на два наврати се менуваше Законот за основно и средно образование согласно потребите на СДСМ и ДУИ односно на нивната коалиција, онака како што им налагаше нивното членство и потребите на нивното членство така го менуваа и Законот за основно и средно образование. Со тоа покажаа колку се спремни за деполитизирање на образованието. Првиот чекор на деполитизации на образованието го направија уште 2002 година со чинот на менување на претходните директори на основните и средните училишта кога речиси во еден ден ги сменија со еден допис од Министерството за образование. Сметам дека тоа беше најдобриот чекор за деполитизација на образованието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има контра реплика.

Господинот Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Контра репликите, очигледно е дека почитуваниот колега не го разбира тој процес. Деполитизацијата и децентрализацијата се случија подоцна, а зошто такви процеси се случуваа предходно и тоа беше функцијата на деполитизацијата и децентрализацјијата во образованието да се престане еднаш за секогаш. А, дали ние сме ја спречувале, тоа е смешна работа. Па, ние ја започнавме и ја проектиравме.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има Грозданов Цветко.

**Грозданов Цветко:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас само ќе напомнам дека добро е што на овие седници ќе може да се запознаат или подобро да ги следат и просветните работници, затоа што на ваков начин ќе увидат кој досега го водел образованието и кои се нивните интелектуални капацитети. Ќе напомнам дека сигурно се многу подобри на билдбордовите отколку што се подобри на нивните излагања.

Она што сакам да го напомнам е дека во изминатиот период во четиригодишното владеење на СДСМ и нивните коалициони партнери имаа инфатилни личности кои беа на чело на образованието. Ова можеме да го заклучиме од следното. Во програмата која што е понудена од мандатарот која има 37 страници, човек од образованието не целосно и не потполно да ја прочита е несватливо, затоа што во образованието нештата се читаат редоследно. Најверојатно се научени да читаат само дневни часописи и печат, но за жал, почнувајќи од задната страница или поточно читајки го хуморот и сатирата. Ќе напомнам само дека зборувавте за матура или за државна матура, најверојатно сте ја слушнале, но не сте слегле долу помеѓу просветните работници во средното образование да ги прашате како е и до каде се тие подготовки. На ова може да ви одговори и господинот Бучковски со пречекот во Лапидариус, како беше пречекан од средношколката младина во Охрид, какви беа свирежите од она што се случуваше, затоа што не знаеа дали до последен момент ќе полагаат матура или нема да полагаат матура. Беше манипулирано. Зборуваме за деполитизација, зборуваме за нешто што треба да го имаме во образованието. Дали тоа не беше инволвирање на младите личности за претстојното гласање. Треба малку да се запрашате и да одгонетнете многу работи.

Ќе напомнам само дека штета што не сте ја прочитале програмата на мандатарот во која што контрола на квалитетот на образованието ќе му се даде преку националностандардизирани тестови. Ние и ден денес во образованието тие тестови не ги користиме и оценките се пишуваат паушално. Дали некогаш сте дошле во основното и средното образование да видите како изгледаат дневниците, да присуствувате на еден наставнички совет и да ги прашате вработените во образованието што ги мачи. Можеби платата која што ја подигнавте со 65 денари месечно, можеби таа е онаа која што ќе ги мотивира вработените. Го сведовте образованието на маргините. Само ВМРО ДПМНЕ и во минатиот период од 1998 до 2002 година смогна сили барем нешто малку овозможи мотивација кај вработените во образованието.

Потоа, осовременувањето на наставните програми во сите нивоа на образованието, а посебно во средното образование, со цел да произведуваат кадар, согласно со потребите на современата пазарна економија, дали сте се запрашале дали електромашинските училишни центри работат. А ќе напомнам само дека овие училишни центри...

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам, но времето ви истече.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Верувам дека ќе се обидете да го зачувате дигнитетот на Парламентот. Јас знам дека дел од пратениците се импресионирани, бидејќи ова им е прв настап во Парламентот, но недопуштено е да се користат термини дека досегашните просветни работници биле инфатилни.

Второ, мислам дека му се прави мечкина услуга на ВМРО ДПОМНЕ и на мандатарот ако на секоја наша дискусија од опозицијата се јавуваат во просек од 5 до 7 репликанти. Тоа значи на дискусија на Герамитчиоски од 14 минути имаме 20 минути читање на подготвени говори, затоа што почитуваниот пратеник не реплицираше, туку читаше подготвен говор. Јас би апелирал ако сакаат од ВМРО ДПМНЕ да се држиме до договорот и вечерва до крајот на денот да ја избереме Владата. Вака, не ќе можеме да стигнеме до изборот. Ние сме подготвени, ако ВМРО ДПМНЕ сака да дискутираме до бескрај, ние ќе дискутираме, но мислиме дека тоа не е добро за Македонија и не е добро за она што ние со вас се договоривме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има реплика од ВМРО ДПМНЕ?

Ова не беше многу процедурално.

**Владо Бучковски:** Процедурално е, бараме извинување.

**Љубиша Георгиевски:** Репликите што чекаат, сега давам реплика Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Не би сакал моето излагање да се претвори во реплицирање, меѓутоа тоа е насочено на личностите кои што го водеа образованието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално има пратеникот Ѕинго.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Се сложувам со претседателот на СДСМ, но веднаш на министрите да им наложи да не поднесуваат извештаи за својата работа во предходниот период. Таа работа ќе ја оцениме низ времето кое што е пред нас. Колку е тоа сработено, се гледа

од резултатите, така што извештаите изоставете ги. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Александар Николовски има реплика.

**Александар Николовски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

По однос на искажувањето на досегашниот заменик министер за образование, би сакал само неколку работи да кажам.

Прво, предстојат големи реформи во Министерството за образование и воопшто во образовниот процес, кои тој ги спомнуваше досега и кои за жал се случиле само како легислатива, но не се случиле во пракса и сметам дека досегашниот заменик министер за образование има најмалку право да зборува за постојните состојби во образованието и да ја критикува предлог програмата на ВМРО ДПМНЕ односно на новата Влада за она што се вика концепт на образованието од проста причина што е одговорен за тоа што образованието е донесено на најниски граници воопшто возможни во историјата на државата. Тоа е така, заради тоа што универзитетите во Република Македонија не се рангираат на ниедна ранг листа на европски универзитети, заради тоа што владее корупција, заради тоа што, да речеме, само за дератизација во студенскиот дом во Охрид потрошија 16 илјади евра, а реалната вредност е 500 евра. Заради тоа што, 4200 студенти во Република Македонија живеат само со 71 денар дневно, заради тоа што 26% од студентите на медицинскиот факултет велат дека просечно се бараат некаде 1000 евра мито за да се положи испит. Заради тоа што, за оценки дури во основно образование постои висок степен на корупција, така што се доведуваме односно се доведовме во една ситуација оние кои што треба да ги образуваат новите генерации, самите ги учат на неморал.

На крајот, сметам дека најмалку има право Тале Геромитчиоски да зборува за ова што зборува, заради тоа што важи за гур односно за миленик на помладите членови на неговата политичка партија, заради тоа што во овој период еве и оваа година тоа се случува добро заработуваат од препродажба на студенски места. Јас ќе го потсетам и него и премиерот дека од оваа говорница пратеничката Силвана Бонева на тогашниот министер за внатрешни работи господин Силјан Аврамовски му доста материјали кои требаше да се процесуираат и кои што требаше да водат кон истрага за решавање на овие крупни корупциски скандали, но кои за жал се уште не се отворени.

На крајот би сакал да завршам дека проектите кои што следуваат во однос на образованието ќе бидат главно насочени кон тоа македонските граѓани да можат сопственото образование да се видат себеси во европските држави, односно да го доведеме она што се вика мобилност на работна сила и мобилност на образовани луѓе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Иванова Цветанка.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе, господине мандатар, колеги пратеници и кандидати за министри.

Пред да почнам со мојата дискусија, сакам на почетокот на сите да ви го честитам мандатот и секако да си посакаме успешна 4 годишна работа на овој Парламент во интерес на Република Македонија, во интерес на граѓаните на Република Македонија. Од овде, од оваа говорница да ви дадам ветуравање дека за сите оние законски проекти кои што ќе бидат во насока на подобрување на животот на граѓаните на Република Македонија, на подобрување на целокупната атмосвера во Република Македонија како внатре во државата така и надвор, секогаш ќе имате апсолутна подршка, но за оние проекти кои што ќе не враќаат назад секако ќе бидете жестоко критикувани.

Еден од дискутантите кажа дека не требало да се јавуваме за говори, затоа што не требало одново да го верификуваме изборот на граѓаните или да го проверуваме, но јас овде се јавив за дискусија не одново да ревизирам зошто граѓаните и дали погрешиле граѓаните, определувајќи се за овие политички опции кои што победија на парламентарните избори 2006 година, туку за да ги дадам моите мислења, сугестии и евентуално ако можам да кажам и предлози по однос на програмата за работа на Владата 2006 година и секако експозето кое што сега пред малку го слушнавме, кое што за волја на вистината да кажам дека многу повеќе очекував. Очекував преземање на поостри мерки, појасни чекори, за да може Република Македонија, како што ветивте во предизборието веднаш да почуствуваат преродба.

Бидејќи, вашата предизборна програма, секако и програмата за работа, сега и експозето, ни беше доставено, го имавме, имавме и време да го изанализираме, она што можам да забелжам е што, ако во предизборната програма имавте јасно зацртани мерки и чекори и активности кои што треба да бидат превземани во насока на подобрување на целокупниот амбиент на државата, особено на економијата и оснобено она што, барем кај мене што ми се допадна, имавте многу јасни и прецизни рокови, а сега јас се чудам зошто во програмата ги немате роковите. Очекував дека ако еве евентуално ги нема во програмата, во експозето кои што беше поднесено од страна на мандаторот, ќе бидат дадени тие прецизни рокови. Зошто го велам ова, затоа што верувајте вашата доверба вие ја стекнавте кај граѓаните точно заради тоа што во програмата кажавте дека ќе делувате вака и дека ќе делувате точно во овие определени рокови.

Сакам да укажам, сеуште актуелната министерка за правда укажа на некои работи и јас сега сакам, за да не се повторувам во интерес на времето сакам да укажам на следното. Зошто во програмата и предизборната и платвормата и накратко во експозето кое што го поднесе

мандатарот ставате проекти кои што веќе се завршени. Не знам зошто. Дали намерно за после на крајот од мандатот да ви бидат ставени во постигнувањата или пак заради тоа што навистина изминативе 4 години не сакавте да пратите што овој Парламент работи и кои реформски потези ги направи.

За да не биде ова само декларација од моја страна, затоа што не сакам и не е во мојот карактер тоа, ќе ви ги наведам само некои работи.

Во делот на подобрување на инвестиционата клима и макроекономската политика, сега бидејќи јас сум правник не претендирам да зборувам за економија, но она што задира во политичкиот систем и во правниот поредотк, ќе го кажам.

Ветувате експедитивна тридневна регистрација на претпријатија, со минимален број на административни процедури, со еден формулар и воведување на правилото молчењето е одобрување. Единствен трошок за регистрација дека ќе било само таксата и поврзување на сите претпријатија со електронско поврзување нивно со институциите, со останатите институции во државата. Сега, повторно ќе повторам јас не зборувам декларативно, јас зборувам со факти. Фактите се тука. Сето ова е направено со донесувањето на Законот за едношалтерски систем, со донесувањето на Законот за централен регистар и сето ова веќе функционира, само треба да се продолжи законот да се имплементира.

Понатаму, виката дека ќе воспоставите функционален катастар за регулирање на сопственоста за недвижен имот. Навистина, ова и е потребно на Република Македонија, затоа што сопственоста е многу значајна работа, затоа што со дефинирањето или разрешувањето на евентуалните пречки околу сопственоста односно ако има пречки, секако дека нема да можеме да очекуваме вложување од странски инвеститор. Но и овде, вие знаете, дека овој проект е отпочнат во катастер и тоа со подршка и средства на меѓународни институции.

Викате дека ќе се залагате за специјализирани судови за решавање на комерцијални предмети, спорои. Знаете, пред крајот на мандатот го донесовме Законот за судови и таму во судовите, во основните судови има одделенија кои ќе се занимаваат со решавање и ќе бидат специјализирани за решавање на вакви спорови. Или пак, ова ваше ветување ме наведува на размислување дека вие ќе сакате да донесете нов закон за судови. Но, нов закон за судови мислам дека се донесува односно знам дека се донесува со квалифицирано мнозинство и тука треба секако договор со пратениците од опозицијата.

Понатаму, читајќи ја програмата, бидејќи доста внимание и посветив на програмата, добив впечаток во терминологијата и акциите што сакате и кажувате дека ќе ги преземете, како да не се познава нашиот правен систем. И така, зборувате за административна, а не за судска регистрација на сопственоста.

Кај нас нема судска регистрација на сопственоста, туку сопственоста се регистрира во Катастарот. Зборувате за флексибилност на пазарот на работната сила. Левоориентираните партии не знам што ќе прават со оваа заложба, затоа што тие во претходниот мандат го критикуваа овој Закон за работни односи. Имам време 4 години да уживам, да ве следам и да критикувам, но вие не треба да се вознемирувате затоа што за се што сте ветиле треба да дадете оттчет. Инаку, не сум несериозна во дискусијата, ова го мислам и оваа дискусија е мое лично мислење за разлика од некои други.

Значи флексибилноста на пазарот веќе е регулирана со 2 закони кај нас, со новиот Закон за работни односи о дел од пратениците од претходниот мандат знаат колку време дебатиравме овде за да се донесе, знаат кои стандарди ги содржи тој Закон и со Законот за Агенции за привремени вработувања. Значи овој проект е завршен, само треба да се има волја овие закони да се имплементираат. Ние тоа го бараме и тоа ќе го подржуваме.

Во делот на заштита на сопственичките права се зборува дека Законот за извршна постапка ќе има посебен приоритет и дека за неговата имплементација дури ќе се предвидела обука на судиите. Посебно вие од претходниот мандат, затоа што има и во вашите редови од претходниот мандат, вие знаете дека веќе нема закон за извршна постапка, затоа што кажавме дека Законот за извршна постапка го одолговлекува извршувањето на веќе правосилните средства. Затоа избравме друг концепт, донесовме нов Закон за извршување и сега веќе извршувањето го спроведуваат извршители кои се приватни, а кои вршат јавни овластувања и тие се во надлежност на Министерството за правда, односно нивната работа ја контролира министерот за правда и претседателот на Основнио тсуд, а да не зборуваме каква обука сметате да спроведете за судиите за извршување кога тие не извршуваат.Ќе го прескокнам делот за Законот за претпријатија затоа што ми е концептуално направен говорот, Закон за претпријатијата одамна не постојат, постои Закон за трговски друштва и тој Закон неколку пати го менуваме. Мислам дека сето тоа треба да се знае.

Зборувате за забрување на извршување на договорите, така што тужениот ако не се јавел на суд, дека ова немало врска со договорите затоа што договорите се договори интерпартер, судски спор е судски спор и ветувате дека со отворањето на случај доволно би било да се јави тужителот или да се објави во "Службен весник" за да продолжи постапката и слично, како да не се знае дека со новиот Закон за парнична постапка кој што важи од 1 јануари 2006 година сите овие пречки се елиминирани и овие прашања се решени и дефинирани. Ова треба да се признае, само треба да кажеме дека треба да се имплементира овој Закон и од неговата имплементација да видиме кои се слабостите,

понатаму за тие слабости сите заедно да се согласиме затоа што се во интерес на граѓаните да ги отстраниме, а секако и правните празнини да ги отстраниме.

Ветувате поедноставување на судскит епсотапки за напалта на хипотека. Реализирањето на заложното право ниту е во судска постапка, ниту се реализира во судска постапка. Реализацијата на заложното право ја вршат нотарите, сега веќе и извршителите, секако во стечајна постапка ако има некое воспоставено хипотекарно право. Тука м и се поставува мене прашањето зошто вакви ветувања се даваат, дали реформите кои што се спроведени не ги признаваме или не сакаме да ги видиме. Дали ќе имаме континуитет во спроведувањето на реформите и секако дека нема идеален закон. Не претендирам дека сите овие закони се идеални, но мора да кажеме и доблесно е да речеме, да, направени се тие реформи ќе ги имплементираме, при нивната имплементација се што ќе видием дек ане чини, заедно тука ќе се договориме да менуваме за подобар правен систем и правен поредок во државата, за негово подобро функционирање.

Не ми е во карактерот да критикувам личности, но морам малку да се осврнам и на персоналниот состав на Владата. Младоста за мене навистина е голема предност, но за водење на државни работи мора да се има и големо искуство, затоа што државата не е претпријатие па ќе донесам едно решение и ќе го искинам, имам одново време да донесам, затоа што државата не е суд. Ако првостепениот суд погреши, има повисок суд над него, тој ќе врши надзор и ќе го поправи решението. Потребно е за водење на државни работи искуство и вештина. Предложените помлади министри, со сиот респект и на нивната младост и едукација, од нивните биографии гледам дека во странство се едуцирале, но сметам дека од она што е во нивното СВ како работен стаж се гледа дека работеле можам да кажам дури во едно министерство и сега се прашувам дали заради тоа што се лојални и блиски ги префрлуваме сега да водат клучни ресори. Но да видиме, 4 години се пред нас, ќе го видиме работењето и ефектите од работењето, тука сме, ќе укажуваме.

Сега сакам да се осврнам м алку на коалицијата. Некој овде кажа дека во Република Македонија дека се било измешано, немало лево и десно. Можеби, но сепак треба да се стремиме да има лево и десно. Ако нема спротивности, ако се измешаме, тогаш дајте пак да направиме комунистичка партија и одновно да сме во едноумие. Мора да има лево и десно за да може да има спротивставени мислења. Едните имаат една идеолошка определба, другите имаат друга идеолошка определба. Мојата идеолошка определба не е иста со идеолошката определба да кажеме со господинот кандидат за министер за правда и затоа ние седиме на различни страни. Кога ја читав програмата, видов дека целосно и програмата и експозето е програмата на ВМРО-ДПМНЕ. Сега се поставува прашањето каде се програмите или ветувањата на останатите коалициони партии. Господинот другар Тито се смее, ама каде се ветувањата, дали гласачите не се изиграни, каде се нивните ветувања, каде се нивните предизборни платформи за кои гласале гласачите, 50-60 илјади, што не е занемарлива бројка.  Ако така навистина се претопуваме, или сите да излегуваме во една предизборна коалиција или не треба да има избори, затоа што тука веќе гласачите се онеправдани и изиграни.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Цветанка Иванова:**  Не господине претседателе, не завршив.

**Љубиша Георгиевски:** Извинете.

**Цветанка Иванова:**  Господине претседателе, јас имам право да зборувам, а вие имате должност да ме слушате се до оној момент додека јас се придржувам до Деловникот. Ако јас не се придржувам до Деловникот, тогаш вие мене ќе ме опомените и на вториот пат ако не ве послушам, ќе ме отстраните.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Објавувам пауза 15 минути.

Ги објавувам релевантните раководства на парламентарните партии, ќе продолжите  после тоа.

**Цветанка Иванова:**  Претседателе, јас не сакам да ми се крати говорот, затоа што се губи смислата на мојот говор.

**Љубиша Георгиевски:** Ред е да се видиме.

**Цветанка Иванова:**  Ќе се видите тогаш кога ќе завршам јас со говорот, затоа што навистина  е колегијално и фер да се ислуша говорот, затоа што сметам дека некои работи заслужуваат внимание и тие работи треба да се ценат. Имаме време, и утре ако треба ќе продолжиме.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжете, продолжете, немав намера да ви го земам зборот, сакав само пауза од 15 минути.

**Цветанка Иванова:**  Сега пак да продолжам за идеолошките разлики.

На претседателот му простуваме затоа што сеуште не може да му легне функцијата, но  ќе се научи и ќе може да става ред во работата на седниците.

Оттука, ако вака продолжиме, се стекнува впечаток кај граѓаните дека веќе не е важна програмата, не е важна политичката и идеолошката определба туку е важно човек или партијата да се догради до власт за да може да се стекне што друго ако не материјална добивка на челниците или спонзорите на партиите. Токму поради тоа во овој период од два месеци кога се составуваше Владата народот можеше да се изнагледа чуда при распределба на ресорите како сите го сакаат ресорот Министерство за економија и Министерството за земјоделство, свесни дека од кандидатскиот статус кој што е резултат на работењето на Владата, секако и на сите граѓани, дека тука ќе се слеваат средства од предпристапните фондови и тука му е мајката, тие

министерства треба да ги земеме, додека за Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи, кои според мене се многу битни заради тоа што мора да забрзаме со приближувањето кон Европската унија, никој не сака да ги земе овие министерства. Што е сега заклучокот? Дека важни се ресорите, не се важни државните приоритет.

Сега малку сакам и за корупцијата да зборувам. Кажавте дека  корупцијата ќе ви биде приоритет. И јас се согласувам, затоа што цел живот се борам и сакам да нема корупција. Но секако, ќе се согласите дека не може да нема корупција. Но зошто кандидатот, вие господине кандидат за министер за правда  кога сте претседател на Антикорупциската комисија која што е најнадлежна и најповикана за борба против корупцијата и која е и уво и око на граѓаните за корупцијата, ако сте успешни во таа работа, треба да останете таму и јас ќе бев многу радосна, ако е така, да останете таму и сите заедно да се бориме против корупцијата, затоа што во Министерството за правда голем дел од реформтие веќе се истуркани и само е потребна имплементацијата. Многу поважна е за мене борбата против корупцијата.

И уште една забелешка. Ќе немаше никаква дилема во вашата кандидатура до колку селективно не пристапувавте кон решавање на предметите кои ви беа доставувани прво како член, а потоа и како на претседател на Антикуорупциската комисија. Јас не знам дали е точно, но требаше да го симнете товарот и од мандатарот за становите на неговата мајка и за Одлуката на Апелациониот суд. Требаше да се разгледаат за да се симне товарот, да биде јавноста на чисто.

Понатаму, во една прилика кога ве прашаа дали работите вака, за да сработите за себе уште една функција, вие кажавте сум бил министер за правда и немам амбиции за таква функција. Сега се прашувам кога бевте избран, тогаш или сега.

Не би било целосно  моето излагање ако не се осврнам и на изборните ветувања од мојата изборна единица 4, затоа што јас одговарам пред сите граѓани иако сум пратеник од опозиција, а особено пред моите гласачи во Изборна единица 4. Изборната единица 4 е претежно со земјоделско население и таму ја добивте вашата подршка особено ветувајќи, прво дека ќе го решите проблемот со тутунот, дека тутунот ќе биде стратешка култура, дека со закон ќе ја одредите премијата тогаш кога зборувавте дали да биде одлука на Влада или во закон 50 денари или не знам колку утврден износ на премија. Но ниту во програмата ниту во експозето не видов да се залагате дека ќе го измените или ќе донесете нов закон за тутун. Потикнавте и штрајкови на тутунарите во мојата избирачка единица 4 точно за оваа работа. И за лозарите исто така, но бидејќи тутунарите се од мојата изборна единица имам право да зборувам. И лозарите ги потикнавте на штрајк, а само еден единствен збор слушнав тука од премиерот дека ги подржуваме лозарите и дека во програмата ќе има средства од Запад, а од Буџет како ќе се решаваат тие работи-ништо. Она што најмногу ме интересира, затоа што се случуваше пред крајот на мандатот е Законот за стечајците. И за него молк. Ќе го донесете ли, каде е? Ветивте. Така ја добивте наклоноста и гласовите.

Што ми останува на крајто да заклучам дека сето ова ми личи кажувај му на народот она што сака да го слушне за да си дојдеш на власт, а после ќе видиме.

Има уште многу нешта да се зборува, ама бидејќи и претседателот како да нема веќе трпение, сака да се договори , јас сакам да ви кажам дека ...

**Љубиша Георгиевски:** Не, напротив.

**Цветанка Иванова:** Сакам да ви кажам лично мое чувство. Голема желба имам да успее оваа Влада, за интересите прво на Република Македонија, за граѓаните на Република Македонија, па ако сакате на крајот на краиштата и за мене. Но се сомневам поради сето ова што претходно го кажав дека ќе биде така, како програмата така и персоналниот состав.

Само можам да ви го порачам следното. Ќе ве оставиме 100 дена. Ако треба во одредени моменти и ќе ви помагаме. Сто дена ќе молчиме. Стопрвиот ден ако не видиме резултати, тогаш на стопрвиот ден ... (реакции и смеење во салата). По утрото се познава денот, се гледа дали оваа Влада е спремна за резултати. Колку и да ви е смешно, прво ќе се соочите со наша жестока критика, но ќе се соочите и со жестока критика н анародот, затоа што ветивте преродба, затоа што ветивте подобар живот, а народот тоа го чека и заслужува. Кај вас се сите механизми да го направите тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Објавувам пауза од 15 минути.

Ги молам претставниците на партиите и коалициите застапени во Собранието да дојдат на краток состанок во Охридска сала.

(Паузата отпочна во 17,40 часот).

По паузата седницата продолжи во 18,08 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Има збор Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе јас сепак ќе го почитувам правилото и ќе го почекам мандатарот да влезе во салата.

Почитувани колешки и колеги, за жал денеска почнуваме со прилично  неславен старт на новиот мандатар, прилично апатичен настап проследен со неодлучност и несигурност и прилично празна програма. Во претходниот мандат опозицијата како партија ВМРО-ДПМНЕ во изминатите четири години вашата позиција ја градевте виза ви најчесто меѓуетничките односи, тема која што е една можеби од најосетливите, меѓутоа секогаш особено за партиите кои се во опозиција се покажала дека е најподатлива за подигнување на партискиот рејтинг. И покрај тоа што го потпишавте почнавте да го негирате Охридскиот

договор. Постојано го кочевте донесувањето на сите закони кои произлегоа од него, а сега се доведуваме во ситуација да го ставите во изборната програма. Имено, не само во изборната програма, туку и во денешното излагање велите дека одржувањето на стабилноста на државата преку почитување на Рамковниот договор и интеграција на ЕУ и НАТО и тн. ќе бидат основните политички приоритети кои што се исправени пред вас како Влада.

Организиравте референдум за територијалната организација, го вулгаризиравте процесот на децентрализација и со целиот таков однос влијаевте на политичката стабилност на Македонија и покрај тоа што беше тоа еден од основните услови за развој и за инвестирање во државата. Се откажавте од Љубе Бошковски, потоа го користевте како полити!ки маркетинг. Од една страна тврдевте дека давате поддршка за зачленување на Република Македонија во ЕУ и НАО од друга страна ги кочевте сите проекти кои што беа причина, или предуслов за стекнување на кандидатски статус. Сметавте дека не сме подготвени за апликација, а потоа се предомисливте и сметавте дека треба да аплицираме, сметавте дека откако ја поднесовме апликацијата дека таа ќе заврши во фиока и никогаш нема да добиеме одговор. Откако добивме одговор, откако го добивме прашалникот сметавте дека немаме капацитет да одговориме, а откако одговоривме, дека одговорот ќе биде сигурно негативен. За среќа, нашите меѓународни пријатели и веруваа многу повеќе на Македонија отколку вас. Дури и да го препишам ваквото однесување на ВМРО-ДПМНЕ како опозициско можеби немаше да биде толку страшно доколку се разбира последиците не се такви какви што се. Меѓутоа, ваквото несигурно и променливо однесување за жал продолжи откако станавте партија на власт, партија која ќе ја сноси најголемата одговорност за целокупната општествено политичка ситуација во земјата. Тоа се гледа од вашата програма, тоа се гледа од составот на вашата Влада за која што и ќе зборувам малку подоцна. Ако нешто може да се каже за оваа Влада, тогаш е тоа дека добиваме Влада во прилично клучен момент кога во наредните две години ќе се решаваат многу клучни прашања во регионот: косовското прашање, нашиот прием во НАТО, почетокот на преговорите со ЕУ. И токму заради тоа загрижува прилично неславниот старт на оваа коалиција. Токму заради тоа загрижува чудната творба на Владата заради тоа што во неа не членуваат партии кои што се идеолошки блиски, туку ги врзува чиста желба за власт. И во ова бев убедена дека е така се додека не ја добивме програмата од мандатарот, се додека не беше потпишан Економскиот манифест од кој што очигледно дека владината коалиција во суштина ќе ја реализира програмата од 100 чекори на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа значи дека Тито Петковски, Стојан Андов, Љубисав Иванов-Ѕинго ќе ја спроведуваат идеологијата на ВМРО-ДПМНЕ во наредните четири години, или пак барем додека се во коалиција. Ќе биде интересно да се види како новиот социјалдемократ кој е патем речено газда на приватна фирма како министер за економија, ќе најде заеднички јазик со стариот конзервативец од министерот во Министерството за финансии за одредени клучни прашања од социјалната сфера кој што конзервативците и социјалдемократите сосема различно ги толкуваат и сосема различно ги рангираат по објавувањето на Владата ако е нешто јасно тоа е дека одредени решенија некои направени заради како што навистина се почитуваат кадрите што се внатре, туку често заради коалициски договор. Такво е решението сега на еден од потпретседателите Живко Јанкуловски за мене прилично нејасно и би сакала да ми се објасни. Како е можно еден заменик претседтел на Владата да биде одговорен истовремено и за земјоделие и за образование?

Од друга страна имаме заменик министер во Владата кој што сеуште не го познава македонскиот јазик. А вие бевте едни од најголемите гласноговорници кои што ги критикувавте оние министри во претходната власт, се разбира со право, кои што не го говореа македонскиот јазик. Меѓутоа, она што составот на оваа Влада го даде како најголем демант е тоа дека слоганот Македонија има сила, паѓа во вода. Затоа што вие со вашата реторика, со вашата програма, со вашите кадровски решенија за министри покажавте дека прво немате доверба во своите членови на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа што е уште потрагично немате доверба во граѓаните на Република Македонија. И немате доверба да изберете било кој од нив на некоја од вашите функции, туку мора тоа да го доделите на луѓе од надвор. Ова е особено впечатливо кога станува збор за кадровските решенија што ги нудите во програмата дека ќе ги направите кога станува збор за прилично осетливи позиции како што се Јавното обвинителство, борбата против корупцијата каде што најавувате дека мора да дојде странец со што покажувате дека немате доверба во чесноста на граѓаните на Република Македонија, дека во Македонија не постои некој што не е корумпиран, или пак што не би можел да биде корумпиран. Мислам дека поголем пораз од такво нешто за еден премиер, нема. Очекував од мандатарот во најмала рака барем да расчисти одредени дилеми пред да стане официјално премиер. Меѓутоа, очигледно тоа нема да го доживееме. И кога зборував за превртливоста и за предомислувањата и во моментот кога станавте партија на власт го имав во предвид она што цело време се заговараше како еден од главниот столб во програмата на ВМРО-ДПМНЕ, а тоа е борбата против корупцијата.

Со персоналните решенија во вашата Влада вие ја дисквалификувавте борбата против корупцијата. Самиот факт што во неа седат и господинот Маневски и госпоѓата Коневска кои што во суштина беа најголемите гласноговорници од невладиниот сектор. Вие укажувате дека

можеби главната корупција потекнува од вашите редови, или пак дека имавте обврска да им се заблагодарите за се она што го направија за вас, за прикривањето на становите и за сите други афери, за учеството на госпоѓата Коневска во предизборната кампања на ВМРО-ДПМНЕ, за вашиот имиџ во таа смисла. Меѓутоа, мислам дека им направивте само лоша услуга, и тоа не само ним, туку и вам, затоа што е уште потрагично за Република Македонија заради тоа што сите знаеме дека борбата против корупцијата е еден од главните аргументи, еден од главните предуслови за тоа како ќе се справиме во смисла на она што ќе се случува понатаму на оние стратешки и национални интереси за кои што зборував пред малку.

Потполно ја одобрувам Агенцијата за борбата против корупција која што е наведена во вашата програма. Меѓутоа, да бидам искрена, господине Груевски јас очекувам во тој случај вие да бидете нејзината прва жртва. Ако имаме независна Агенција за борба против корупцијата ќе мора да одговорите на многу прашања и тоа не само од вашиот тековен мандат, туку и од претходниот мандат. Она што е најголем пораз за граѓаните на Република Македонија дека конечно паднаа маските и на госпоѓата Коневска и на господинот Маневски за нивната наводна непристрасност за нивната досегашна декларативна борба против корупција, за нивната посветеност во таа насока и можеби сега е веќе јасно зошто и некогаш Антикорупциската комисија беше прилично селективна за одредени прашања на што немаше право. И се согласувам дека треба да градиме нов вредносен систем, меѓутоа доколку е тоа така штом ќе ја формирате оваа Агенција за борба против корупцијата, реков, треба да бидете прва жртва вие, меѓутоа и дел од вашите министри заради тоа што очигледно го заслужуваат тоа. Значи, тоа што со сигурност може да се каже дека, заради ваквата констелација на кадровските решенија во Владата дека нема да има ништо од борбата против корупција. Јас ќе бидам пресреќна доколку ме демантирате.

Тоа по реакциите по медиумите, исто така може да се види, имајќи во предвид дека дури и од некои медиуми господинот Маневски е оквалификуван како докажан ВМРО-вец преку сопругата Филимена Маневска која беше на чело на врвна институција во мандатот на ДПМНЕ. Се разбира, цитирам медиум.

Ако нешто очекував, тогаш навистина очекував да им посветите поголемо внимание на младите, или барем во еден дел да ја почитувате комплетната програма што ја имавте напишано во стоте чекори. Меѓутоа, очигледно и од експозето, тоа го кажаа и моите колеги претходно може да се види дека сега прилично многу ретерирате од она што го ветивте во предизборната кампања, па имате благо ретерирање во изборната програма за преку економскиот манифест и денешното излагање да се види дека прилично си правите големи отстапки, еден пејкап во однос на тоа што е ветено во предизбориeто, заради тоа што и самите сте свесни дека со роковите што си ги дадовте и со сите проекции што се обидовте да ги преземете, вие немате ниту сила, ниту капацитет, зборувам како Влада да го направите тоа. Очекував да не се откажете од финансиска поддршка на образованието за 5000 информатичари во Македонија, од месечна стипендија од 5000 денари за најдобрите студенти, од кадровско и финансиско зајакнување на Отсекот за информатика на Електротехничкиот факултет и на Природноматематичкиот и тн. Очекував да не се откажете од финансиска поддршка за создавање на информатички кадар, очекував да не се откажете од спроведувањето на Националната програма за развој на образованието 2005-2010 година која е донесена од ова Собрание и е обврзувачка за вас, очекував да не се откажете од Академијата за менаџери, очекував да имате пореален пристап кога зборувате за, да го употребам вашиот збор, компјутери. Мислам дека прилично несоодветно го применувате, а тоа го има во вашата програма во делот: ајде да сурфаме што е можеби една од најпогубните работи што би можело да им се случи на образованието. Да имате компјутеризација, а да не знаете што да правите со компјутерите. Меѓутоа тоа што го очекував на крај мислев дека ќе најдете сила да ја воочите грешката што ја имате во програмата и да им се извините на маргинализираните групи. Сега ќе ве цитирам, велите, еднаков пристап на младите хендикепирани луѓе за целиот образовен процес. Кампања за запознавање и подобрување на правата на хендикепираните. Стимулирање на вработувањето на хендикепираните лица. Очигледно е вашето отсуство од претхнодниот мандат. Термин хендикепирани луѓе веќе одамна не постои, господине Груевски. И најмалку очекував да го најдам во вашата програма.

Очекував дека во програмата ќе оставите многу повеќе простор за талентираните отколку дека ќе направите анализа за основање на фонд за поддршка на млади таленти за финансиско помагање и поттикнување на младите таленти во спортот, културата и образованието, што во суштина не претставува ништо, туку дека само ќе направите анализа без никакво обврзување. Она што го давав од комплетниот белег на Владата се разбира е моралниот кредибилитет на мандатарот. За тоа зборуваа моите претходни колеги, нема да одземам многу време со оглед на договорот.

Во предизборната кампања изјавивте еднаш дека граѓаните треба да очекуваат од политичарите тоа што го правеле досега да го прават и во иднина. Ако е така тогаш граѓаните од господинот Груевски треба да очекуваат да купи уште станови за неговата мајка, да не го почитува договорот со ММФ и Светската банка, да купува фирми на име на партијата од примерот на Печатницата "Гоце Делчев", на Македонска банка итн. Градоначалниците од ДПМНЕ да купуваат возила со буџетски пари на општините на сметка

на инвестиции во образованието или каде и да е. Да биде платен од македонските граѓани, а да биде советник во друга Влада како што беше во претходниот мандат во Српската Влада.

Треба да очекуваат одговор на дел од неговото интервју на 1 јуни во Капитал во кое вели: "Постои едно правило ако подолг период има интензивна или честа корупција во некое министерство, не може да се каже дека првиот човек на ресорот не знае за тоа, или дека не е вмешан во тоа". Тогаш господине Груевски, како вие како министер за финансии не знаевте за корупттивното дејствување на директорот на Царината Даравелски и како ќе го одговорите тоа на новата Агенција за борба против корупцијата?

Треба да очекуваат да основа фирми од примерот на Националната платежна картичка која ќе ја даде на неговите братучеди итн., најмалку што треба да очекува е да ги одржи ветувањата што ги даваше до сега, затоа што очигледно уште на самиот старт го прекрши првото ветување дека е подготвен за конститутивна седница на 19 јули, а не беше подготвен ни за 26 јули со кандидат за претседател на Собрание и втората дека ќе ја промовира и Владата и Економскиот манифест на Втори август. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика за господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Јас би ве молел да укажете на нивото кое треба како пратеници да го задржиме во Собранието. Не треба толку ниско да се спуштиме едни исти работи да повторуваме. Знаете кој повторува.

Ние имаме разлика во концепциите. Тие се евидентни. Една ненормална ситуација сакаме да ја направиме нормална. Тоа што сегашната опозиција има судир со стручната јавност и со губитниците во транзицијата по прашањето на проблемите, нивното создавање и проекција на нивното решавање, тоа е нивен проблем. Ве молам да не ги повторуваме овие небулози, не личат на ништо. Овој Парламент треба да има ниво, посебно од луѓе кои се бават со воспитување на млади луѓе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за госпоѓица Грковска.

**Славица Грковска:** Јас не сум изненадена што имаме повик да не ги повторуваме истите работи, но и да не зборуваме за работи за кои што на владеачкото мнозинство не му одат во прилог. Меѓутоа, за жал, ќе морате да слушате и ќе имате прилика уште повеќе во наредниот период.

Точно, вие се обидувате една ненормална ситуација да ја направите нормална. Ненормална ситуација лево ориентирани и десно ориентирани партии да бидат заеднички сплотени во една иста идеологија и тоа идеологијата на ВМРО-ДПМНЕ.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседател на Собранието , почитувани пратеници,

Добивме интересен предлог за Влада, ќе може да се толкува како резултат на некои збиднувања во последно време во политиката на РМ, но кој можеше да биде поинаков ако партијата која ги доби овие парламентарни избори од поинаков агол погледнеше на идните настани на РМ.

Имено, она за што цели две години ВМРО-Народна партија и пред кампањата и во кампањата беше обвинувана за некаква хипотетична коалиција со СДСМ или можеби идна некаква коалиција со СДСМ денес ја прави ВМРО-ДПМНЕ на господинот Никола Груевски и СДСМ на господин Тито Петковски. Не грешам. Јас немам ништо против личните мислења и демократското право на лична политичка определба без оглед дали е лева или десна и затоа ве молам никој мојата дискусија да не ја свати лично иако несомнено во неа ќе спомнам неколку имиња.

Значи, господинот Тито Петковски ја напушти својата матична партија СДСМ изјавувајќи дека ја напушта затоа што таа отстапила од базичните принципи на левата ориентација и се приближила кон центарот, а дека тој и неговата нова партија ќе се залагаат токму за тие принципи и ќе се залагаат за спроведување на истите во општеството на дело.

Со тоа господинот Тито Петковски силно се позиционира како лев политичар, во што воопшто не се сомневам , со оглед на неговата богата политичка кариера како во демократска Република Македонија овие 16 години така и во бившата СФРЈ. Господин Тито Петковски секогаш, колку што се сеќавам, бил во раководството на СДСМ во сенка, во позадина, но до толку сериозен раководител на оваа партија што тој еднаш беше ....

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Јаневска не е сега Тито Петковски на дневен ред, бидете љубезна .

**Весна Јаневска:** Ве молам, имам право да го кажам тоа што мислам. Јас се извинувам, замолив никој лично да не ме сваќа, станува збор за политика, а не за обраќање кон поедини личности и ве молам дозволете да се доискажам.

Значи, тој во еден момент беше претседателски кандидат на СДСМ . ВМРО-ДПМНЕ е десно ориентиана демохристијанска партија која 16 години се бори за рушење на комунизмот во Македонија, социјализмот во Македонија и за рушење на , според нас, неспособната СДСМ-овска власт. Одтука произлегува дека е прилична контроверзна коалицијата на овие две партии кои во принцип би требало да бидат не само остри политички опоненти, туку и остри политички противници. Ваква, според мене, неприродна коалиција би можела да биде прифатлива доколку мандатарот не би имал друга опција. Но, со оглед на фактичката ситуација на веќе познатиот пост изборен резултат ваквиот избор во најмала рака може да се дефинира како чуден.

Познати се лево-десни коалиции во историјата и дозволете да ве потсетам на некои од нив.

Станува збор за на пример коалицијата Ленин Керенски, Тито-Шубашиќ и онаа во која главата ја изгуби колосот на ВМРО Тодор Александров.

Непријатно е сознанието дека во Македонија во овој момент се случува советизација, но уште посстрашно е сознанието дека ова се случува во моментот кога Македонија го доби статусот за влез во Европската Унија.

Се сомневам дека во Македонија постои политички интелектуалец кој мисли дека Европската Унија би сакала ваква Македонија за рамноправна членка.

Кандидато за министер за одбрана , како што стои во неговата биографија која ја добивме во материјалите за оваа седница зел книшка од НСДП во август 2006 година и преминал од СДСМ каде еден период бил претседател на Социјал демократската младина и бил нејзин основач.

Насекаде низ Македонија функционери на СДСМ директори на подрачни единици, директори на фондови за здравство, директори на шумски стопанства, директори на медицински центри, директори на училишта, преминуваат масовно од СДСМ во НСДП со единствена цел да ги зачуваат своите позиции. Тоа се луѓе, не сите, се разбира, но, дел од нив кои ги злоставуваа и прогонуваа ВМРО-вците или во најмала рака вршеа брутални притисоци врз нив спроведувајќи социјал демократска политика. Тоа е вистина и огромен дел од вас тоа го знаат.

Сега, нели вие господин иден премиер велевте дека на функција ќе поставувате стручњаци, а не партиски кадар. Сега нели на овој начин праќате крајно негативна порака дека партиската припадност може да се искористи како инструмент за остварување на лични амбиции и стекнување на лична корист.

Јас пак мислев дека власта и она за што сите ние партиски определени се тркавме на овие избори претставува сериозна обврска и сериозен ангажман за реализација на нашите програми на овој или на оној начин, но за добробит на народот, на граѓаните и за добробит на државата. Народот гласаше против Владата на СДСМ затоа што сакаше да каже стоп за Иснифари Џемаили, за Рамстор, за Скопски пазар, за постарото и поскапо Пелинце, за распределбата на земјоделските парцели, за Железници, за ЕСМ, за зградата на плоштадот народот кажа стоп за поскапување на парното, за телефонот, за струјата, на сиромаштијата , народот кажа стоп на корупцијата за која постојано тврдите дека ќе се борите против неа и дека ќе ја уништите. Кажаа стоп и за состојбата во здравството.

Дозволете ми со вас да сподела едно мое скорешно искуство, но не како вработена во здравството. Пред некој ден температурата надвор беше 40 степени, а во болничката соба 50 степени затоа што болничката соба нема еркондишн, затоа што централната клима не работи, затоа што ролетните не функционираат, затоа што лебарки шетаат по подот и по ѕидовите, затоа што неможете да го употребите тоалетот оти кога ќе пуштите вода од тушот се поплавува подот, затоа што без оглед на тоа што болничарите и сестрите се утепаа од работа ништо не можат да сторат. Една ампула аналгин бараа на пет клиники едвај ја најдоа на на шестата, а најлесно и најбезболно е за пациентот, да се претрча до аптеката на Зегин од спротива и да се купи оти чини 10-15 денари.

Простете емотивно реагирав, но и за тоа и против тоа народот гласаше.

Народот гласаше и против корупцијата во ДУИ за која зборуваше Хари Костов и денеска гледаме дека СДСМ не успеа со својот албански партнер да воспостави долгогодишни партнерски односи на лево ориентирана политичка опредлеба, но, простете, јас ќе ве прашам и вас дека можеби и вие господине иден премиер им пративте негативен сигнал на ДУИ тогаш кога во вашата Влада ја зедовте НСДП.

Господине Груевски народот во Македонија гласаше против СДСМ и вам ви даде мандат за да ја смените неспособната Влада која во Македонија направи економски пустош. Народот не ви даде мандат да го преименувате СДСМ во НСДП и да ги оставите на власт, а за биде трагедијата уште поголема, со ваша силна поддршка.

Вие сега предводите партија чиј што лидер во 90-тите години ја обнови идејата за самостојна Република Македонија и покрај другото вети македонска фудбалска репрезентација. Во тој период Словенија направи словенечка фудбалска репрезентација со еден репрезентативец од бившата СФРЈ. Македонија направи исто репрезентација со девет репрезентативци од СФРЈ. Од тогаш до сега Словенечката репрезентација учествува на светски и европски првенства, а нашата ангажира словенец за селектор.

Не би сакала јас вам да ви зборувам за спортот, не ми е тоа интенцијата , намерата е всушност да зборувам за пари, она за што вие сте експерт и се надевам дека ќе направите експертска влада. Она што сакам да кажам е дека во словенечкиот фудбал, според информациите кои јас ги добив, се вртат два ипол пати повеќе пари одколку во целиот македонски спорт. Вие сте економист и се согласувате дека парите се двигател на економијата, за тоа зборувате во вашата програма и ние искрено очекуваме да го реализирате она за што зборувате.

Но, не само што сте во коалиција со СДСМ што ја исмеваше идејата за фудбалската репрезентација затоа што и тогаш и сега некои од нив, не сите, простете, не разбираа за што станува збор, значи ова за државата, репрезентацијата, парите, протокот на пари во македонскиот споер, протокот на пари во Македонската држава, туку денеска во вашиот економски труд, затоа што зборувам за економија, го вклучувате и тогашниот долгогодишен претседател на Фудбалскиот Сојуз на Македонија господинот Љубисав Иванов-Ѕинго социјалист (дискусијата беше пропратена со

аплауз), значи не станува збор само за фудбал, станува збор за економија, за пари, за план, за економска програма, за економски препород на оваа земја и прашањето до вас е со кого тоа господине Груевски?

Но, вие ги добивте изборите и имате право да одлучите така како што сметате дека е најдобро и така како што сметате дека е најисправно. Ние ќе си ги измиеме рацете од оваа ситуација и ќе кажеме вината не е наша, вината беше туѓа и врз друг тежи сотонска одговорност. Кога ќе дојде денот кога ќе биде вредно ние се ќе и раскажеме на мајката историја.

Сметам дека уште нешто треба да се спомне, според наше мислење, тоа е дека просекот на работно искуство на Владата е прилично низок и дека просечната возраст е исто така релативно ниска. Не би сакала некој да се најде лично засегнат, но факт е дека задачата која ја добие овие млади и релативно неискусни министри е премногу сериозна задача за да може да се импровизира, експериментира или ризикува. Залогот е многу голем. Залогот не се личностите и имињата на тие луѓе, залогот не се партиите, залогот е нашата држава. Залогот е нејзината иднина и нејзината евроатланска интеграција.

Во тој правец ВМРО-Народна партија сметаше дека од исклучиво значење за државата беше влез на ДПА  во Владата поради што ние на оваа партија и дадовме силна и безусловна поддршка.

Изразуваме големо задоволство од фактот што ДПА учествува во Владата со што се исполнети нашите залагања и со што ВМРО-Народна партија постигна успех во остварување на една од нејзините политички цели.

Во двете години од постоењето на партијата покажавме и докажавме дека знаеме да определиме што е тоа државен интерес и дека за таквите ќе се залагаме. Таков еден пример, ќе ве потсетам е гласањето на ВМРО-Народна партија на уставните амандмани, иако бевме во опозиција, иако бевме свесни за лошата перцепција во јавноста.

И сега, со пресметан ризик за можна таква перцепција ние одлучивме да постапуваме по истите принципи.

По, речиси еден ипол месец потрошено време за формирање на Владата, неколку месеци изгубено време во предкампања и кампања, кога работата на Владата беше во мирување, сметаме дека на Македонија и е неопходна Влада и тоа што поскоро, особено сега кога не чека европската агенда со навиен тајминг.

Очекуваме новите млади политичари, кои вие ги нудите, конечно да ги продолжат реформите што во периодот 1998-2002 година беа започнати и за жал, не беа продолжени заради промена на Владата. Политичари и функционери кои ќе го завршат периодот на долгогодишна исцрпувачка и тешка позиција, кои конечно ќе ја поведат Македонија по патот на, првенствено, економски напредок, како што вие милувате да кажете.

Вие, господине Груевски, сега сте ментор на млади луѓе, како што еднаш, во минатото вие имавте ментод а бевте млад. Се надевам дека тие или барем дел од нив, кадрите кои ние тогаш заеднички ги градевме, а сега ќе се најдат дел во вашата Влада, ќе ги исполнат очекувањата на граѓаните кои ни го дадоа мандатот.

Задачата воопшто не е лесна, затоа што покрај економската состојба што постојано ја потенцирате како приоритет, неопходни се реформи во здравството, силна и брза реформа во образованието, затоа што и вие рековте дека демократијата во општеството се инкорпорира преку образованието, реформа на универзитетот и воведување на европски стил на студии, воведување на вистински независно и самостојно судство, борба против криминалот и корупцијата, создавање услови за достоинствен живот на земјоделците, решавање на проблемот на стечајците, технолошкиот вишок, невработеноста, сиромаштијата и многу други нешта.

Од нив морам да издвојам уште неколку, како што се праведното и правично спроведување на Рамковниот Охридски договор, враќање на раселените во нивните домови, градење на доброседски односи и решавање на отворените прашања на името, на границата, па ако сакате и на црквата, на Хашките случаеви и евроатланската ситуација.

Сето тоа и уште бројни други проекти треба да се сработат брзо и ефикасно во корист на граѓаните и државата Република Македонија. ВМРО-Народна партија нема да ги кочи овие процеси и поради тоа ве информираме дека пратеничката група на ВМРО-Народна партија ќе гласа за владата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на инспиративниот говор.

Дали некој се пријавува за реплика?

Се пријавија господинот Анастасовски и господинот Ѕинго, потоа господинот Жерновски.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Го чекав дискутантот да седне бидејќи лев и десен политичар седат во ист ред.

Само накратко сакам да го прашам дискутантот дали е таа в.д. претседател на партијата што ја предводи Љубчо Георгиевски, да ми одговори.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Јаневска ви давам контра реплика.

**Весна Јаневска:**  Доколку темата е промашена не добива преодна оценка.

Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Одговорот е даден.

Понатаму, за реплика се пријави господинот Љубисав Иванов - Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Весничка ги побркала работите. Ама и се простува, тука е бруцош, таму е професор.

Прво, дали е таа против Ангела Меркер, дали е против Проди, дали е против една плејада партии, политичари на Европа кои се обединуваат во судбоносни денови да ја спасат државата кои други ја довеле во таква тешка состојба? Не сакам повеќе да полемизирам околу тој проблем.

Но, потполно ги побркала работите со репрезентацијата. Савевски, Панчев, Најдовски, Бошковски, Трајчев, Захариевски, да набројувам уште?! Се македонски асови. Тие ја доведоа Македонија од 180-тото место на 52-ро или 53-то скалило. Тие ја тепаа Словенија во Марибор, не во Марибор во Крањ со 4:1, Словенија, која отиде на светско првенство. Таа купи од поранешните југословенски републики повеќе од 60% играчи и отиде на светско првенство. Тоа е една работа.

Друга сакам да кажам. Во фудбалот нема апартхејд. Нема расни, нема вера, нема политика. Весничка, ако те интересира, ќе седнеме да ги расчтиме тие работи.

**Љубиша Георгиевски:** Што ме релаксиравте.

**Никола Поповски:** Ве молам претседателе, Вие морате да реагирате на тоа да се употребуваат вистинските имиња на пратениците, а не употреба во деминутив.

**Љубиша Георгиевски:** Благодрам, имињата ќе ги почитуваме.

Повелете госпогице Јаневска.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам.

Токму за ова зборувам, токму за ова зборував, толку колку што зборував. Не ни очекувам да се разбереме со господин Љубисав Иванов - Ѕинго. Она што јас го зборував за фудбалот, се надевам дека ме разбра идниот премиер. Значи зборував за пари, за економија и се она што значи иден просперитет на Република Македонија.

А во однос на лево-десните коалиции, да, доволно сум информирана и сум чула за Ангела Меркел, но тоа се вистински социјалдемократски сојузи а не, простете, бивши комунистички партии. Предлагам ако сакаме таква лево-десна коалиција, коалиција да направат ДПМНЕ и СДСМ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Андреј Жерновски, реплика ли е?

Имате збор, повелете.

**Андреј Жерновски:** Господине претседателе,

Прво, да не одзимам време, јас процедурално би сакал да ви укажам беќе дека вашата функција навистина е мошне сериозна и дека вие мора да ги спречите сите дискутанти овде кои што другите ги нарекуваат со имиња кои што се навредливи. Нема право претходниот, односно пратеникот што реплицираше да ја нарече нашата колешка Весничка. Вие тоа го сметате како шеговито или како симпатично, но јас ве молам друг пат да интервенирате, бидејќи тоа може са се случи за било кој од нас. Би ве замолил.

**Љубиша Георгиевски:** Да, Ви ветувам, мошне остро ќе реагирам.

**Андреј Жерновски:** Сакам да го изразам чудењето на колешката која што сакам да и реплицирам, бидејќи во својот говор, откако ја искритикува Владата која што е пред бирање и откако го искритикува мандатарот Груевски и неговиот коалиционен партнер Тито Петковски, на крај кажа дека ќе ја гласа Владата, со што навистина создаде забуна кај мене. Јас сакам да го изразам моето чудење што целата дискусија всушност падна во вода.

Оттаму би сакал да го замолам дискутантот да го објасни она што го прочитав во медиумите и што до сега исто така го повтори на некој начин а тоа да ми одговори како е можно да постои една работа за која што сериозно се претендир да се влезе во политичките лексикони, а тоа е изјавата дека ВМРО-Народна партија нема да биде во Владата, туку ќе биде во власта. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Весна Јаневска, контра реплика.

**Весна Јаневска:** Значи, бев многу децидна кога кажав дека ние, дел од нашата политичка цел сме оствариле кога, со наша помош и наша силна поддршка во Владата, наместо ДУИ влезе ДПА.Значи ние една од нашите цели сме оствариле.

Бидејќи не сме во Владата, како што гледате, тоа значи дека не сме во Владата. Бидејќи имате поголемо искуство од мене претпоставувам знаете што е тоа власт. Дали тоа ќе биде така или не, ќе видиме од тоа како ќе се одвиваат работите понатаму и во Парламентот и како ќе функционира Владата на Република Македонија.

Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор му давам на Рахиќ Есад.

**Есад Рахиќ:**Благодарам претседателе,

Почитуван претседателе, почитувани министри на Владата на заминување и на Владата на доаѓање, почитувани колеги пратеници,

Пред се да ви го честитам мандатот на сите и на вторите и на оние третите, кој каде ќе се препознае.

Прво, вас лично сакам да ви заблагодарам, претседателе за вашиот коректен однос на вчерашниот упад на дел од службите на Собранието и заштита на пратеничкиот дигнитет и се надевам дека, иако повеќето од нас имаме извонредна соработка со техничките служби, ќе ни каже дека техничките служби во Собранието се во функција на пратениците, а не пратениците во функција на техничките служби. Тоа го расчистивме. Јас се надевам дека ќе се напијам кафе кај вас и ќе расчистиме и уште некои други работи.

Бидејќи денес имаме седница на Собрание за избор на влада, јас не излегувам намерно, иди ми дојди ми, за да не губиме време, почитувајќи го договорот, сакам да кажам неколку зборови.

Сакајќи да бидам конструктивен, затоа што сметам оваа коалиција победи заслужени или

незаслужено, ќе покаже времето, и треба на овие луѓе, кои новинарите ги нарекоа млада "јупи", се извинувам "јапи", влада ќе има можност да покаже што знае. Верувам во младост. Иако во овие 15 години се нагледавме на млади министри, па дури и премиери со куси пантолончиња и чекајќи да им пораснат или пантолоните или тие да созреат, ја доведовте државата до ова дереџе. Дел од тие министри сега се кандидати за премиери и слично, меѓутоа тоа е еволуција и се надевам дека одиме напред, секогаш напред, а не назад.

Она што сакам да му честитам на господинот Груевски е храброста со која што тој го составува овој кабинет. Иако некој пат храброста се граничи со некоја друга особина за која што јас не би сакал да зборувам, сакам да кажам неколку мои скепси со кои јас сметам или мислам дека оваа влада нема да одговори на задачите што си ги постави самата себеси.

За експозето да стане програма, да програмата стане реалност има објективни или субјективни критериуми и околности. Објективните околности не секогаш зависат од нас. Јас пожелувам на оваа влада да има добар ветер во едрата.

Меѓутоа ќе зборам за субјективните околности и критериуми, а тоа се персоналните решенија на оваа влада. Нема да зборам за НПК затоа што некој пред мене зборуваше. Заеднички именител за националната платежна картичка е министерот за финансии и сегашен мандатор, претседател на управниот одбор тогаш, господинот Миле Јанакиевски сегашен министер и Гордана Јанкуловска сегашен министер и член на управен одбор. Меѓутоа тоа не го сметам за зло ако нешто имало се разбира ние сме требале тогаш да го санкционираме.

Она за што сакам да зборувам ќе зборувам за секторот и сегментот за безбедност кој што јас, како пратеник имав прилика и задоволство да го работам 4 години и ако негде оваа влада треба да продолжи и имаше успешни реформи и добра соработка најчесто, се безбедносните сектори.

Меѓутоа, пред тоа сакам да му кажам на мојот колега од водовод директорот Миле Јанакиевски, дека ја чекам книгата што ми ја вети со негова посвета, а ја набавив и ја разгледав книгата која што пред два дена ја промовираше или еден ден нема да прашам каде и како ја штампал, кој бил спонзор бидејќи тоа не ми е цел, меѓутоа разгледував едно интересно штиво, така да речам, од еден малд човек кој што за година дена директорување во скопски водовод и пред тоа неколку месеци советник или месец, два, во градот Скопје си даде за право да напише книга или направи нов блок за Скопје.

Само да ве потсетам јас бев директор во Скопски водовод во период до 2001 година, бев командант на цивилна заштита, тогаш успеав да го убедам тогашниот градоначалник и председавач на Совет за еден договро кој веќе беше потпишан со Светска банка дека е штетен и го спасив Скопски водовод условно од приватизација. Успеав да го одбранам тогаш Скопски водовод од командат на цивилна заштита барајќи од тогашниот министер за внатрешни работи, директорот за јавна безбедност, формации да го бранат Рашче кои не дадоа, тогашниот министер за одбрана од широката коалиција тоа го направи. Добар дел од луѓето што работат сега за идниот верувам мандатор односно премиер на влада од вечерва, го знаат тоа. Јас не седнав да напишам книга. Не е проблемот, ова е добра работа, покрај режисери имаме сега и писатели и ме радува нашиот културен напредок.

Меѓутоа, во книгата очекував и некои одговори. Одговори на некои прашања. Бидејќи за година дена според моите информации директорот на водовод не угради толку цевки, метри цевки за вода или канализација колку што требаше, а при секој дожд Скопје се претвара во Венеција, сметам дека тој не ја завршил својата задача. И токму се плашам каква книга ќе напише како министер за транспорт и врски и колку тома ќе има таа. Бидејќи е даровит, можеби ќе биде од опусот на една "Божествена комедија" и она што мене ме плаши дека можеби ќе не тераат да читаме како задолжително четиво.

Јас очекувам, она што не го направи како директор на водовод, кога требаше да одговори на прашањата за парите потрошени за реклама и промоција, за потрошени пари за репрезентација, за потрошени пари за стручно образование или за намалената наплата во Скопски водовод иако монополско претпријатие или за 300-те илјади евра дадени на маркетиншка агенција Република, меѓутоа сето тоа ќе го простам на една младост. Сметам дека луѓето имаат право да згрешат кога грешките не се големи. Можеби не се големи, недај боже да бидат поголеми.

Она за што навистина сакам да зборувам, реков е секторот за безбедност. Јас лично, гледајќи ја биографијата на министерот за внатрешни работи, можам само да кажам дека младата дама има брилијантна кариера. И мене ме чуди зошто господинот Груевски искрено, ова искрено, ја жртвува таа млада госпоѓа. Овде има пратеници од предходниот состав на ВМРО ДПМНЕ кои што тврдеа дека третина од територијата на Република Македонија не е под контрола. Па ве молам, без разлика професионалци пред неа кои што ја знаат како диши Полицијата не успеаа, зборувам на она што го зборуваа моите колеги тогаш, а верувам и сега, како таа млада госпоѓа ќе се справи со реформите на еден систем кој навистина е тежок и спесифичен. Она што го слушам дека во вториот и третиот ешалон доаѓаат некои одредени кадри, тоа уште ми дава за право да сметам дека дотичната , односно оваа брилијантно млада госпоѓа не ќе може да одговори. Сакам да грешам и пожелувам да ме убеди дека сум згрешил. Ја нарекуваат железна леди, втора железна леди. Првата железна леди заврши на ушно. Ако се сеќавате. Не би сакал да знам каде ќе заврши ова. И, искрено сметам дека оваа млада дама имаше можност да даде многу поголеми резултати во некој друг ресор.

Деновиве еден социолог, аналитичар, интелектуалец кажа: " И верувам на оваа млада гарнитура луѓе, затоа што немаа врска со инфраструктурите, МВР" и слично. Тоа е точно. Немаат никакви врски, туку се во директна контролата. Затоа што дел од тие структури седат сега и во пратеничките клупи. Тоа се дел од систем кој што функционира 15 години и подолго.

Ова го зборувам, системотза безбедност, затоа што во делот на она што е економија на кое што јас лично сакам да му верувам на господинот Груевски, тоа што има извонредни луѓе донесени од надвор, кои што во нивните СВ-и извонредно звучат и јас мислам дека токму овој безбедносен сектор треба да овозможи овие брилијантни млади луѓе да донесат просперитет за државата.

Министерот за одбрана, мој колега од партијата, кој  ме става во дилема дали да гласам за оваа Влада или не, затоа што е сеуште, тој е член на СДСМ и лично изкрено јас сакам да му порачам да не се секира тоа што пишува дека нема безбедносен сертификат. Тој тоа ќе го добие, дури мислам дека има и квалификации, служел војска, организираше со Јацо во НАТО, организираше неколку митинзи, средби во паркот и мислам дека добро ќе си ја врши работата. Само сакам да му пожелам од неговите поранешни сопартијци, поранешни министри, а ги има тројца, луѓе кои што ги завршија реформите, добар дел од реформите во одбраната, верувам и неговиот нов партиски лидер кој што беше извонреден претседател на Комисија за одбрана, мене и не мора толку да ме праша, како последен претседател на Комисијата за одбрана, ќе може да црпи искуство и да ги заврши реформите  во одбраната каде што сметам дека сите заедно треба да го направиме тоа за да побрзо влеземе во НАТО интеграција.

И, на крај господине Груевски, вие ги освоивте симпатиите на македонската јавност дури и на моите родители кои што немаат многу врска со политика, со една реченица "Да купуваме македонски производи". Дел од дискусијата, намерно или ненамерно, ми ја украде првата амазонка  која што зборуваше пред мене. Јас нели рамномерно да има и некој маж по две жени зборувам, очекував да имате повеќе доверба во вашите членови или вашите коалициони парнери.

Велите дека ќе донесете луѓе од надвор затоа што тие луѓе не можат да се купат. Има едно правило, што не може да се купи за пари, може да се купи за многу пари.

Она што мене ме боли е тоа што реков не верувате во македонскиот народ, тогаш најдобро е да увезете два милиони јапанци или незнам кои други и ние сигурно  ќе имаме успешна Влада. Од прилика толку, без зла намера, бидејќи сметам дека на овие луѓе, млади луѓе, иако кај мене постои скепса, по наредните 100 дена и подоцна, ќе ме уверат дека јас сум бил во грешка, затоа што ако оваа млада гарнитура појачана со неколку ветерани, успее, верувам дека на сите граѓани во Република Македонија ќе ни биде подобро.

Инаку експозето како експозе, наликува на експозето и на Хари и на Бучковски и на Црвенковски. Тоа се добри желби. Од луѓето што ќе го истераат тоа, зависи дали тие ќе станат и реалност.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавува Влатко Ѓорчев.

**Влатко Ѓорчев:** Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници.

Претходниот дискутант, пратеникот Есад Рахиќ ги изнесе некои од предизвиците на идната Влада, а јас ќе го дополнам со тоа што тој го кажа во колумната во весникот "Шпиц", на 8 август, пред две недели, со негови зборови и она што се однесува на чистењето на нередот во македонската држава кои што се по присутен и евидентен. Ќе почнам со првиот цитат, а се однесува на реплика на сегашниот амбасадор Ѓорѓи Спасов, поранешен пратеник, министер за правда од редовите на СДСМ, амбасадор во Софија, амбасадор во Лондон и генерален секретар на партијата која што ја урниса македонската економија.

Што му вели Есад Рахиќ на Ѓорѓи Спасов:

"Време е јавно да се истражи и обзнани кој ја сочинува подземната спрега на која и припаѓаш. Време е Жорж (се мисли на Ѓорѓи Спасов) и да се посведочи во тоа, но не во колумни, туку во една илустрациона легална постапка која тебе и таквите како тебе ќе ги смести на буништето на историјата. Време е Жорж да си оди Бучковски, затоа што немаше храброст или време, нека одлучи самиот, да расчисти со инсталациите од твоја сорта.

Втор цитат, исто така, од Есад Рахиќ, за предизвиците што ќе ги има Министерство за внатрешни работи. Вели вака:

"Еве нешто за еден класичен негативец, мераклија на глупави споредби и друмски жаргони. На пример, кому му е познато кој беше задолжен за специјални ефекти во крими драмата - големиот транспорт, со дејство за време на ембаргото спрема СРЈ. Кој од кај нас е најдобриот пријател, везиста на Мира Марковиќ во крвавото сценарио распад на Југославија со шверцувана нафта итн.

Понатаму, друг цитат: "Кој е пиротехничарот од краткиот документарец, спонтано палење на Американската амбасада кој ја попали итн., итн.

Трет цитат, исто така упатено на Ѓорѓи Спасов поранешен амбасадор на Република Македонија во Софија 1997 година:

"Кој е штембил мајсторот во нашите амбасади. Фала на прашање, мислам дека беше во Софија, за издавање на дозволи за анимир дамите и танчарки, упатени на печалба во филмската дестинација наречена Поранешна Југословенска Република Македонија, што дебело се наплаќаше. Кој истовремено земаше и амбасадорска и министерска плата во 1997 година, делеше

нотарски лиценци, промовираше актуелни заменици и јавни правобранители, а прибираше кеш". Тој е цитатот од писмото, колумната, упатена од Есад Рахиќ кон Ѓорѓи Спасов.

И на крајот, четртиот цитат. Исто така Рахиќ му пишува на Спасов:

"На крајот, Жорж, останаа некои необработени теми, како што е финансирањето на партијата во твоето време кога знаеше да се потпреш на вистинските кадри, но да го оставиме тоа за некоја друга пригода. Впрочем, Жорж, јас и ти имавме една многу добра соработка, незнам како не се сеќаваш. Постојат документи, полномошна итн.

На крајот вели, - затоа не удирај по самарите, особено не по овој кој има повеќе газди, туку кажи му на нарачателот на позивката, ако е маж, директно да удри по коњот или магарето".

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално за збор се јавува господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, сакам да прочитам два члена од Деловникот за работа на Собранието.

Во членот 86 се вели - на пратеникот кој побарал збор да исправи неточно пренесен навод или навод кој предизвикал недоразбирање, или потреба од лично дообјаснување, председателот ќе му даде збор (реплика) кога говорот ќе го заврши оној кој предизвикал потреба од исправка. Во говорот пратеникот мора да се ограничи на исправката односно на личното дообјаснување и тоа не може да трае подолго од три минути.

Во член 87 се вели - говорникот може да говори само по прашањето што е на дневен ред. Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот на Собранието ќе го повика да се придржува до прашањето што е на дневен ред. Или, да дообјаснам. Репликата може да се однесува на она што е кажано. Не може да се чита, господине Мисовски, што вие уште не можете да сватите дека има готови реплики и затоа договорот не важи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Јас се извинувам, но како коректен човек ќе ми дозволите да зборувам малку повеќе од минута, бидејќи претходниот дискутант кој уште не може да свати дека сте на власт па се однесува опозиционо.

Токму затоа што Министерство за внатрешни работи ќе треба да реши дел од овие прашања, сметам дека шармантната млада дама не може да одговори на овие предизвици.

За другите три прашања, за подземните спреги, за кршењето на ембаргото, палењето на американската амбасада, може да погледне на луѓето кои седат околу него и дел од нив ќе препознае. Така што има многу, многу за што да се зборува, верувајте, господине Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани кандидати за министри, кандидат за премиер, однапред ќе ви го честитам изборот бидејќи тоа е повеќе од евидентно и јасно и се надевам дека уште на почетокот, бидејќи ова ни е прва седница од овој тип, на Парламентот, ќе си дозволиме ова да остане само за прв пат и една ваква дозволена ноншалантна, лесна, да не претерам, не сериозна атмосфера за избор на Влада, продолжи и понатаму од проста причина што мислам дека не заради менаџирање на очекувањата, или нивото на очекувањата кои ги поставивте, туку заради роковите и обврските што ги презедовте од народот, не од нас, ќе почнете да работите. Јас нема да влезам во ризокот за да бидам корегиран од еден мој поранешен партиец, сеуште пријател и веднаш на почетокот ќе кажам дека апсолутно ја почитувам волјата на граѓаните и знам дека тие ви ја дадоа довербата, и знам дека денес ќе избереме Влада која мандаторот односно претседателот на партијата кој ја доби довербата и ќе ја предложи. Но, во исто време имам апсолутно право, јас и моите колеги од опозицијата да укажеме, да критикуваме, да посочиме, да сигерираме и да го застапуваме гласот на оние кои го дадоа за нас, бидејќи разликата која е евидентна и математиката е оваа, пренесена во Парламентот и не е толку голема да некој може да тврди дека оваа седница за избор на Влада треба да помине чисто протоколарно. Ниту едната крајност, ниту оваа што мислам дека сега ја доживуваме, не е добредојдена и посакувана. Од тие причини мислам дека ќе се промени оваа ситуација и конечно поголемиот број од пратениците на владеачката ВМРО ДПМНЕ ќе сфатат дека завршима времињата кога лесно беше да посавиш прашање без да дадеш одговор и дека на прашањата што ќе се поставуваат од оваа говорница ќе одговараат, ама не со контра прашање, туку со ставови и аргументи, бидејќи тоа претставува не само нивна уставна и законска обврска, тоа претставува и морална и етичка обврска спрема тие кои ви го дале правото да седите во овој дел од парламентот и во она зграда и останатите институции, од "Илинденска". Од тие причини само на почетокот ќе посочам и се надевам дека последен пат денес и сеуште мандаторот, некој час од овој момент и премиерот, нема да си дозволи во едно експозе, наместо да предлага да го започне својот вовед во образлагањето на Владата со не црно екстра црно елаборирање на сегашноста во Република Македонија во која што демократијата е на ниско ниво, во која што илјадници луѓе се без работа и се борат со сиромаштијата, демократските процеси уназадуваат, голем број млади луѓе не гледајќи перспектива, заминуваат, граѓаните немаат услови за достоинствен живот, мака мачат за елементарна егзистенција, итн.

Со дел од овие констатации се согласувам, но господине Груевски, ако демократските процеси во оваа држава назадуваат, вие немаше да

седите таму каде што седите, овие луѓе денес немаше да седат таму каде што седат, едноставно ќе беше спречена волјата на граѓаните. Но, тоа не е случај. Во Република Македонија мислам дека не само нови избори, туку изминатиот период успеавме да достигнеме едно солидно ниво на демократија и зрелот и да покажеме дека може да се менуваат и Влади, може да се менуваат и парламентарни состави, може да се менуваат, за жал и некои основни принципи, но демократијата е таа која што е на највисоко ниво. Не се согласувам дека луѓето или доминантниот број на луѓе, за да не бидам погрешно сфатен, мака мачат да создаваат услови за достоинствен живот, елементарна егзистенција итн. Апсолутно има такви, за жал, структури и луѓе во Република Македонија. Но, ако е така како што вие велите, тогаш сте ја утнале целосно програмата. Оваа програма не претставува ништо ново или ништо радикално подобро од она што сме можеле да го читаме, да го видиме и да го критикуваме дека не е остварено и во изминатите парламентарни состави и во изминатите владини состави. Тоа го кажувам од проста причина што ако навистина е вака лошо во Република Македонија, во моментот земја кандидат за членство во ЕУ, земја која очекува покана за НАТО, но земја со сериозни економски проблеми, се согласувам, кои минатата Влада не успеа до крај целосно да ги реши, во тој случај мерките, механизмите, или воопшто начините кои што ги предлагате, не мислам дека можат да дадат сериозен резултат. Би сакал, верувајте, лично да бидам демантиран, иако припаѓам на опозиционата партија, бидејќи јас би сакал некои работи во Република Македонија да ги видам поинакви. Во овој момент, бидејќи почнаме, за жал, да дебатираме и за фудбалски репрезентации, топката е кај вас. Ако ја шутнете како што треба, можеби ќе успеете. Јас во тоа, во овој момент, дозволете да го искажам моето мислење, не верувам од проста причина што ако во позитивна смисла се тврди дека е добро што Македонија конечно добива технократска Влада, дека е добро што конечно Македонија добива премиер технократ, тогаш ајде да бидеме навистина до крај, позитивно, технократки, За промена во прогама на Влада, ако веќе така сакате под тие услови и дефиниции, за промена во експозе на кандидат за премиер, ако така сакте, да видиме нешто конректо. Тоа што можам јас да го видам, прет се во делот на економијата, освен во добар дел работи кои и порано се споменувале, или во добар дел работи кои се сведуваат на општи формулации, флоскули, посакувани желби, алинеи како од учебниците во средните училишта или на економските факултети, не можам да видам ништо посебно што ќе ми остави впечаток и ќе можам сериозно да го компарирам тоа што ние сме успеале или не сме успеале да го направиме во минатиот период и да речам, да тоа е во ред и очекувам резултати, а ова не е во ред. Навистина барам таква работа, но не успеав да ја видам. Не успеав да слушнам ни во вашето експозе дали идната Влада на Република Македонија има намера да склучи аранжман со ММФ, да го продолжи она постоечкиот под овие услови, или некој поинаков, со оглед на тоа дека сите политики, сите алинеи, сите реченици, сите пасуси завршуваат со една реченица, карикирано, дека се тоа што се прави е во функција на подинамичен економски развој. Да, што би било поинаквото, која е таа економија што нешто би правеле за помал динамичен развој, за деинвестирање? Секако дека се се прави за нешто да оди напред. Но, ова во овој момент не гледам дека е поставено на начин кој гарантира негово спроведување.

Ако тргнеме, сосема накусо, немам намера да ја сецирам целата програма, бидејќи ќе имаме шанси на конретни начини и на конкретни места, верувам на прво место со ребалансот на Буџетот што ќе морате, го најавивте и верувам дека ќе го направите, да продискутирате и да видиме како намалувањето на јавната потрошувачка за цели 2% до 2010 година, ќе помогне за подинамичен економски развој, како намалувањето на даноците за кои јас во добар дел се согласувам и воведувањето на рамниот данок, ќе придонесе да го задржите нивото, или некое друго ниво на Буџетот кое што не е споменато, дали ќе биде поголем, еднаков, помал. Колкав е износот што вие ќе се обидете да го заштедите од набавката на возила и мебел за канцелариите. Јас ќе бидам пресреќен ако воздржувањето кое повеќе или помалку е емотивна категорија, значи или нема да набавувате или ќе набавувате, воздржување нешто со мала резерва, дали навистина воздржувањето од овие средства ќе бидат доволни за вие да ги насочите во голем број на продуктивни инвестиции. Кои се тие продуктивни инвестиции, не знаеме. Или пак, бидејќи не го знам, или барем јас тука не можам да го најдам, колкав ќе биде буџетот, колкаво ќе биде тоа зголемување во капитални инвестиции кое што досега не било направено и кое ќе биде финансирано, читам комбинирано, од буџет, концесии, добро таргетирани кредитни средства од Светската банка и тн., кога истата ваша партија во добриот опозиционен период, на јавните настапи при изготвување на буџетот, цело време потенцираше дека Република Македонија се задолжува. Гледам дека овде се најавув и дополнително задолжување. Кои ќе бидат тие клучни, за да не се повтурувам, чекори кои на нас пратениците не да ни гарантираат, бидејќи тоа не е ни ваше обврска, ниту наша потреба, ама на граѓаните од кои преземавте сериозни обврски со рокови, ќе го направат и тоа. Во експозето, во програмата на Владата и во програмата на партијата има сериозни разлики во роковите, некаде ги нема некаде се изменети, што за еден технократ од економска природа е многу сериозна работа. Дополнително, за еден иден премиер со преземена обврска е многу сериозна работа. Или, стоите зад нив и велите ги остварува, или велите не можам да ги остварам и ги наведувате причините за тоа, нема средства.

Во добар дел, а тоа можевме да го видиме и во текот на составувањето на Владата, едно од клучните мотивациони и во добар дел во тоа успеавте, фактори, во јавноста, а претпоставувам и во вашето членство се споменуваше дека гаранцијата за квалитетот, или гаранцијата за извршување на преземените обврски е тоа што конечно оваа Влада за разлика од сите останати ќе ангажира голем број на странски експерти од различни области. Во тој дел мислам дека немаме разлики, но да тврдиме дека првата работа, веројатно по важност се нотирани во програмата, за привлекување на странски инвестиции, се двата министри без портфељ од кои 50% и лично ги познавам, мислам дека во најмала рака е неблагодарано. Ако тоа беше успехот за прилекување на странски инвестиции, верувајте ќе се сетеа и сите останати премиери пред вас и не двајца, ќе ангажираа 12 од можни 15 министри во Владата и тие ќе ја завршеа целата работа. Не е тоа решението.

Или пак ако во економскиот дел на Владата вметнеме потпретседател за координација на министерот за финансии, министерот за економија, министерот за транспорт и двајцата министри без портфеј за странски инвестиции дека тоа е гаранцијата дека таа работа ќе биде успешна. Јас во тоа не верувам, демантирајтеме, секоја чест, бидејќи станува збор за Влада во Република Македонија и Југоисточна Европа, не станува збор за Влада во Финска, Скандинавски држави. Од проста причина што имавме, тоа ви го кажувам од лично искуство бидејќи доаѓам од Влада која е што поразена. Имавме ситуација во која што токму преголемите ангажирани кадри за меѓусебно координирање, анализирање и иницирање да ја допрам причината за неизвршување на работите. Сега во оваа влада тоа се мултиплицира. Можеби вие имате некој поинаков рецепт за такво нешто, а јас за тоа во овој момент не сум убеден. Не сум убеден и дека рецептот за влегување на странски инвестиции е ангажирање на 20 до 50, ова е сериозен распон на најпознати светски консултантски куќи. Не знам зошто толкав распон. Дали 20 се малку, а 50 се премногу па ќа го бараме измеѓу, но не е тоа најбитното прашање. Но, исто како и за претходното ќе кажам. Ако клучот беше за Република Македонија да ангажираме не 20 туку 50 или 150 консултански куќи верувајте дека можеби и на некој друг досега ќе му текнеше па тоа ќе го направеше и ќе беше успешен. Во ред, имате шанса да покажете.

Или пак во исто време покрај 20 до 50 консултански куќи ќе ангажираме или ќе формираме единствена професионална агенција Инвест Македонија која што ќе има над 20 истурени канцеларии во странвство. Значи, досега наброив најмалку три форми за привлекување на странски инвестиции во иста насока. Со тоа не знам дали воведувате конкуренција, па тие можеби ако се конкурираат кој од нив ќе биде форма или канал поуспешна останува на нас да видиме.

Формулациите дека очекуваме 6 до 8% раст на бруто домашниот производ во Република Македонија и тоа ќе биде резултат на севкупната успешност на применетите мерки е во најмала рака не технократско, туку некој некој од претходните колеги од мојата партија зборуваа "бледо, испакнато, неочекувано", јас ќе речам апсолутно неприфатливо согласно најавите, очекувањата на граѓаните кои што во изминатиот период беа кажувани пред се лично од ваша страна.

И вака можеме да продолжиме и понатаму да зборуваме дека првичните анализи покажале дека во Република Македонија се најбарани раноградинарските производи, јагнешкото месо итн, и дека сега допрва ние тоа го анализиравме и допрва тука ќе се концентрираме, како да досега тоа не беше случај, или пак дека цените на телефонските разговори се два и пол пати повисоки од оние во 2002 година. И овде пак ќе повторам, го наоѓам рецидивот од опозиционото работење заборавајќи зошто цените на телефонот се два и пол пати повеќе.

Ќе ми биде од главно значење да го видам моделот за соодветна заштита на потрошувачите од честото менување на берзанските цени на нафтата во Република Македонија. Ова како потрошувач го кажувам, како и на цената на електричната енергија, која што се одразува врз стандардот на населението. Не знам кој е тој модел кој што во Македонија ќе ги заштити граѓаните од менувањето на цените на берзанските производи, иако, пак ќе повторам, господине Груевски и оваа Влада има епитет на технократска, но ние се наоѓаме во Република Македонија во 2006 година кога и самите вие во неколку пати изразувате дека сте во очекување или во извршување на решавањето на едно од клучните прашања кое до крај ќе го моделира профилот на овој регион.

Јас во вашето Експозе многу малку, во Програмата на Владата сретнав која е проекцијата на новата Влада, или кои се очекувањата на новата Влада, или што ќе направи новата Влада во насока на зацврстување на постоечката стабилност во Република Македонија за обезбедување на личната безбедност, за која што и вие најмногу тврдевте, можеби неподелени се мислењата дека не е на највисокото ниво. Да слушнеме како ќе ги спроведеме сите овие, така да речам општи формулации во делот на економијата ако претходно немаме моделитет како да ја задржиме стабилноста и безбедноста.

Ќе се приклучам не само на политичките, туку и на медиумските тврдења дека во целото Експозе воопшто не стана збор за меѓуетничките односи апропо демонстрациите на ДУИ, или на ДУИ и на ПДП, или пак како вие сметате дека ќе ги подобрите дополнително меѓуетничките односи, како дополнително ќе го завршите конечно и оној мал дел спроведувањето на Рамковниот договор односно обврските од Уставот на Република Македонија. На крајот на краиштата мислам дека

и вие ќе се согласите и сите оние кои што ќе работат не само во економскиот дел туку и во делот на евроинтеграциите и во надворешната политика и во правдата, а најмногу во Министертвото за внатрешни работи дека основата на сите останати политики за жал во Македонија сеуште се нужно поврзани со безбедноста и стабилноста. Можеби во некои идни времиња, можеби во некои идни влади таа тема дефинитивно ќе биде на последното место или пак воопшто и ќе нема. Во овој случај таа тема ја нема, но неоправдано и неприфатливо.

На крајот на краиштата една од клучните теми за кој што сметам вашата партија и коалиционите партнери ја добија довербата на овие парламентарни избори беа најавите за борба против криминалот и корупцијата. И за тоа се согласувам. Се согласувам од проста причина што сеуште во Македонија борбата против криминалот и корупцијата не е на највисоко ниво. И се согласувам дека најголемите очекувања паралелно со економијата, не затоа што вие така ги поставивте, тука затоа што граѓаните така ги поставија ќе бидат во овој дел. И се согласувам и тука ќе застанам со мојата поддршка и согласување дека очекувате и најавувате тоа да го покажете преку вашиот личен пример. Така е најдобро. Така е најкоректно. Така е најпринципиелно. Ама, не со објавување на анкетните листови на интернет нешто што и СДСМ го направи 2002 година не на интернет, пред камерите и пред сите кои што тоа го бараат дополнително и на интернет можеби, не со најавите дека оваа Влада ќе ја сузбива корупцијата различно од досегашните и барајќи во образложението како тоа ќе го прави сретнувам дека тоа ќе го направи во коалиција со граѓанскиот сектор. Верувајте таа коалиција ја имате вие, ја имавме и ние, ќе ја имаат сите влади бидејќи не гледам и не знам барем ниту еден граѓанин на оваа планета земја која што не сака некој да се бори против корупцијата и во тоа нему му овозможува, не дај Боже го спречува или пак тоа ќе го правиме со изградување на морални вредности. Владата не може да гради морални вредности бидејќи тоа не се прави со административни одлуки, може да влијае, се согласувам, со личниот пример, ама ако личниот пример, со сета почит на искуството и на знаењето на господинот Маневски со уште едни проблеми што тоа подразбирам.

И чисто како добронамерна сугестија, за да не морам пак да го отворам тоа прашање, а знам, за жал, дека ќе мора да го отворам, почнете ја борбата со корупцијата и со криминалот од случајот, сакате хронолошки кога е случаен, сакате по големина, сеедно (Експорт-Импорт банка), направете ситуација во која што Далаверски ќе се врати во Скопје и ќе се појави во судот, направете ситуација во која што Смиленски ќе се врати во Скопје и ќе имате комплетно право и ќе ја имате целосно мојата поддршка иако во тоа не ве условувам во решавањето на овие два случаи, на крајот на краиштата за тоа ќе ве суди народот ако тоа не го направите. Имате комплетна поддршка и моќ да ги решавате и аферите Бачило, да ги решавате и аферите државни плацови, да решавате афери створени, не затворени во Македонија, дали од СДСМ, дали од ЛДП, дали од ДПМНЕ, дали од Либерална партија или од било кој друг, бидејќи се додека ги поставуваме работите во зависност од ДУИ, ПДП, ДПА ...

(Некој пратеник дофрлува нешто од место)

Благодарам Ружди, во таква ситуација нема да имате сериозен успех во борбата против корупцијата.

На крајот на краиштата се надевам дека опозициониот период кој што има многу и предности и мани во однос на улогата во која што се наоѓате сега и која што исто така има свои предности и мани би завршил со тоа дека ова Собрание и Владата и јавноста и медиумите ќе го исполниме со конструктивна дебата за тоа што треба да направите, а ние да ве поттикнуваме и да ве потсетуваме ако не сте го направиле и веруваме и ние од наша страна контра или алтернативни политики. Она што јас лично можам да ви го ветам е дека нема да ја користам вашата пракса кога вие бевте во опозиција и на секој саат да ве потсетам за тоа што сте правеле вие во опозиција, туку ќе ви кажам што јас би сакал да направам, сметам дека така е редот и дека крајот на експозето, кој што е малку поинаков од оној кој што беше од атмосферата и од вашето функционирање за време на парламентарната кампања ќе го промените и дека ако сега тврдите дека не секогаш успеваат оние што трчаат, ќе ве потсетам на оние навистина убави спотови за младите момчиња и девојки што скокаа потоци, од камен на камен и за разлика од оние кои што со мусаните и со ташните трчаат спринт, а ние овде одевме полека и навистина тоа ќе успеете да го направите, во што, ќе повторам, јас лично не верувам, затоа и вие седите таму, вие на друго место и тоа е демократијата.

На крајот на краиштата немојте да продолжите како што почнавте денеска, да употребувате повеќе симболика, да употребувате повеќе фразеологија и да не зборувате за крајот за илјадагодишната историја на Република Македонија дека таа ќе биде основата, во неа ќе се памтат овие години бидејќи граѓаните ви дадоа доверба не да работите за иднината, ви дадоа мандат да работите и за иднината, да не бидам малициозен, но пред се ви дадоа мандат да работите за сегашноста, не за од 2010 година наваму, туку засега, веднаш. Таа обврска ја преземавте и што попрво почнете да работите, а ние да ве контролираме и да ве поттикнуваме толку подобро е за Република Македонија. Од таа причина уште еднаш ќе ви го честитам изборот и се надевам дека во слични ситуации и за конкретни проекти и во интерес на Република Македонија ќе се среќаваме и понатаму и нема да слушнеме реченици дека оваа Влада како најголем дострел од почетокот, се извинувам што се навраќам, ќе спомене дека ќе работи целосно

во согласност со Уставот, или ќе го почитува Уставот на Република Македонија. тоа се подразбира и затоа ја имате довербата и со тоа ќе треба да докажете дека знаете да го направите. Во спротивно СДСМ и коалицијата која што тој ја предводи ќе биде цело време присутна и во поинаков стил од оној кој што вие го имавте за време на опозицијата, кога ние бевме на власт се предлагаат алтернативни модели. Благодарам.

(Процедурално побара збор господинот Стојан Андов)

**Љубиша Георгиевски:** Да, процедурално бара збор господинот Андов. Повелете.

**Стојан Андов:** Господине претседателе,

Пред два часа дадовте пауза и побаравте од нас да дојдеме на еден договор. Дојдовме, направивме договор, а сега како да се отстранивме од тој договор, далеку сме и предлагам, барам да дадете пауза за да сумираме што се направивме од договорот и да видиме како понатаму.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам пауза од 20 минути.

(Пауза од 19,42 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 20,05 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата со тоа што оваа сеанса ја одложуваме за утре во 11,00 часот.

Значи, продолжуваме со работа утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 20,06 часот)